**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Второто продолжение на Сто и седумнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 22 декември 2005 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 15,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието.

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата**.**

Продолжуваме со работа.

Пратениците Никола Куркчиев, Рафет Муминовиќ, Али Ахмети, Теута Арифи, Абдулаки Адеми, Абдулади Вејсели, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Љубчо Георгиевски и Ангелка Пеева - Лауренчиќ ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со општиот претрес по **Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2006 година.**

Има збор господинот Аднан Ќахил.

Повелете господине.

**Аднан Ќахил:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван заменик министер,

Денеска продолжуваме со дискусиите во врска со Буџетот на Република Македонија за 2006 година. Однапред морам да кажам дека јас имав добра анализа,со бројки, но за жал ќе морам бројките да не ги исполнувам, не поради моја вина, очигледно дека кога присуствува Претседателот на Република Македонија сите материјали се фрлаат и јас апсолутно материјалите ги немам кај мене за да можам да дискутирам со она што се велат цифри и бројки. Од тоа се гледа колку е професионален нашиот пристап во Собранието.

Ќе кажам неколку општи работи за Буџетот и ќе се задржам само на неколку сегменти за кои се осеќам повикан и стручен да дадам коментар во врска со Буџетот и нормално тоа да биде содржано и поддржано од препораките на Европската комисија која ги разгледуваше нашита апликации, нашата апликација за влез во Европската унија.

Имено многу претходни колеги мои, дискутанти кажаа за Буџетот дека буџетот е едноставно присликување на она кое што беше пред две-три години, се согласувам со таа констатација. Тука се спореше и од опозицијата и позицијата дали треба буџетот да биде динамичен, статичен или не, очигледно дека тоа е за некоја расправа во иднина, затоа што секој си има поглед, но очигледно дека овој буџет кој што ние го имаме едноставно е буџет со кој што треба да се покријат такви и такви дупки, да немаме негатива или минус. Едноставно толку пари имаме и тоа треба да се проектира на соодветен начин, без да се обрне внимание на развојната компонента каде што во овој дел социјалната компонента преовладува. Развојна компонента во Буџетот нема, а тоа ќе го докажам и со мојата дискусија во врска со делот што се вика наука, образование, екологија и некои други делови кои апсолутно се рестриктивни во однос на финансирањето.

Пред да зборувам за тој дел би сакал едноставно да кажам неколку работи и да потсетам, ако дозволите она што е предлог на Владата во однос на Програмата за наука што Програмата за наука вели, како треба да биде, затоа што ако имаме ние можност да ги читаме тие информации народот таква можност нема. Велите вака: "Програмата наука, претставува административна и логистичка поддршка на активностите во научно-истражувачката дејност и се остварува согласно Законот за научно-истражувачката дејност и согласно Законот за поттикнување и помагање на техничката култура, Законот за поттикнување и помагање на техничкиот развој и подзаконските акти и Правилникот за утврдување на условите и критериумите за доделување на средствата за реализација на годишните програми за работа и развој на јавните научни установи, и Правилникот за утврдување на условите и критериумите за доделување на средства за реализација на научно-истражувачката дејност во Република Македонија.

Таа ги опфаќа активностите во врска со системот, начелата, јавниот интерес во облици на организирање и управување во научно-истражувачката дејност.

Начините на поттикнување и помагање на развојот во научно-истражувачката дејност, научно-истражувачките кадри и други прашања од интерес на научно-истражувачката дејност.

Научно-истражувачката дејност опфаќа научни истражувања, оспособувања и усовршување на кадри за научно-истражувачка работа и научно-истражувачка инфраструктура, многу несреќна формулација.

Основни цели на оваа Програма се развој и зголемување на конкурентноста и ефикасноста во научно-истражувачката дејност во функција на активирање на постојните и стимулирање на нови производни процеси и програми заради создавање услови за подобрување на истражувачки кадар преку изнаоѓање на дополнителни извори за научни институти, јавни и научни установи основани од Републиката заради вршење на научно-истражувачка дејност од јавен интерес.

Вршат систематски организирана творечка активност чии резултати содржат во себе изворност или новина насочена кон проширување на вкупните знаења и унапредувања на науката.

Цел на оваа Програма е развој на научно-истражувачката дејност од јавен интерес".

Човек кога ќе го прочита ова...

(Пратеникот Есад Рахиќ реагира од место и не се слуша).

Молам,

Видете, ако сакате да научите треба да платите. Не се прави тоа туку така. Нема проблем, реплицирајте, јас ќе ви одговорам за да научите. Барем тоа е лесна работа. Или, пак, нормално ако има ребаланс пак дајде ја истата формулација, пак истата формулација ќе ја прочитам. Но, она што е битно во оваа програма во она што го давате како образложение е многу добро. Одлично. Така би требало да биде, ама тоа е само теорија. Теоријата што вие ја формулирате едноставно во однос на науката апсолутно не кореспондира со јавноста, а уште помалку со проектираните средства што се во Буџетот на Република Македонија.

Мислам дека држи констатацијата дека не е битно колку пари има и се мисли дека со малку пари, или со проектирани пари на одредени луѓе без да навлезат во суштината на проблемот можат да се остварат програмските цели. Верувајте со проектирани цели само за научно-истражувачката дејност од 130 милиони овие цели не можат да се остварат. Зошто не можат да се остварат јас ќе се обидам да дадам пластична слика и да бидам доследен, бидејќи во изминатите три години нон-стоп дискутирам во врска со оваа проблематика и нон-стоп наидувам на поддршка во сите партии, морам отворено да признам, и од Комисијата за образование и наука каде што со конзензус донесовме заклучок и дадовме амандман за зголемување на средствата во областа на науката. Значи, ова не е само партиска припадност, ова не го зборувам како опозиционер, ова го зборувам како човек кој најдобро ги осеќе тоновите кои што произлегуваат од ваквата динкстинција.

Она што морам да кажам е дека од 1996 година до денеска, од кога во областа на науката се финансираше до 3.600.000 евра, денеска со 1.600.000 се финансира. Во 2002 година кога се финансираше со 2.754.000 евра паднато е на 1.600.000 евра, т.е. минатата година беше 1.300.000, па со ребалансот се добија некои пари во однос на науката.

Верувајте, за да имаме добра наука, за да имаме кадри, за да имаме некој што ќе ја влече локомотивата кон Европската унија, сигурно дека треба да вложува во науката, а и во образованието. Би било многу некоректно од моја страна ако не кажам во овој дел дека со годинашниот буџет образованието добива повеќе пари. Одлично би кажал јас, но сигурно ни од далеку не се доволно пари околу 40-тина милиони денари повеќе пари за образованието, иако знаеме со какви проблеми се среќава образованието и образовниот процес во Република Македонија. Убеден сум и сигурен дека образованието заслужува многу, многу повеќе пари поради фактот што ние сме во почетокот на преговори со Европска унија, ја потпишавме Болоњската конвенција за унифицирано образование во рамки на Европска унија, тоа треба да го практицираме кај нас во Македонија. За тоа треба пари, за тоа треба инвестиции. Надвор од тоа што можеби дел од образованието доби пари, но дел од науката апсолутно не доби пари. Не ми е јасно зошто тоа се прави ако се има предвид, морам да го потенцирам тоа, овде има аналитика за тоа, значи, анализата извештајот на Европска унија каде што се посочува правилните опкружувања, правилниот тек на некои делови во нашето општество. Тука образованието и науката се фундирани, истакнати како системи каде што има правилен развој и првилно се ориентирани. Овде со една реченица се вели дека оваа земја се охрабрува да инвестира во науката и знаење. Се охрабрува. Европската унија зборува со тој речник, со тој вокабулар дека се охрабрува. Ако се охрабрува зошто не се охрабри Владата да вложи малку повеќе пари во ова, а вложуваше во други сегменти многу повеќе пари кои според мене не се така да кажам курентни во своето делување.

Потоа, во другиот дел од Извештајот се вели: "Науката со мали измени ги фаќа европските токови".Со мали измени и овде во целиот извештај провејува дека науката во однос на нашите внатрешни системи малку се финансира, малку се обрнува внимание. Значи, имаме добар систем, добар начин на работа, добра контрола, но очигледно науката е ставена на маргините на збоднувањата во рамките на Република Македонија, а и пошироко.

Ќе се согласите ако ние не можеме да инвестираме, а нашите инвестиции, или од Буџетот кога ќе пресметаме во проценти не можеме да искажеме во проценти, туку во промили доаѓа. Ама, како што идат работите нема да бидеат ни промили, туку ќе биде во фи-фи-ем единици, милионски дел од нешто. Ако бидат милионски дел од нешто едноставно ние ќе немаме академија.

(Пратеникот Есад Рахиќ реагира од место).

Молам, реплицирајте.

**Љупчо Јордановски:** Ве молам потивко.

**Аднан Ќахил:** Имате право да реплицирате, па ќе ви одговорам дали нулите се доминирани, или исечени, или како се направени. И на тоа ќе ви одговорам, не е проблем но многу важна работа е што Европската унија, Комисијата која сериозно ги разгледува овие прашања има сериозни сугестии во однос на ова. Пишува во извештајот, ама очигледно дека...

**Љупчо Јордановски:** Продолжете ве молам, ќе имате право на контра реплика.

Повелете продолжете.

**Аднан Ќахил:** Вие имавте обврска да го имплемантирате ова и тоа не го направивте. Зошто тоа не е направено, апсолутно не ми е јасно мене, иако обврска имаме и по основ на третиот државен универзитет. Ако до пред една година не беше во системот Тетовскиот универзитет, сега во системот на научно-

истражувачка дејност влегува и третиот универзите. Ако за образование за минатата година малку беа пари за два универзитета, мислите ли дека ќе бидат доволно за три, или сигурно ќе бидат помалку пари за тоа. Јас се прашувам како, на кој начин тие потенцијални научно-истражувачки работници, помлади кадри ќе дојдат до она што се вели научен подмладок или фундирање на науката и образованието на универзитетите. Ние во нашата Република универзитетите и факултетите истовремено се научно-истражувачки установи, ја користат науката за образованието и образованието за наука. Ние немаме барем во системот многу повеќе институти кои на соодветен начин одговараат на науката.

Сите тие факти не беа за вас валидни и едноставно морам да потенцирам дека согласно член 47 од Уставот на Република Македонија државата има обврска да го поттикнува и да го поддржува научно-техничкото творештво и научно-техничкиот развој.

Министерството за образование и наука согласно член 23 од Законот за организација за работа на органите во државна управа ("Службен весник на Република Македонија" број 58/00) е одговорно за организацијата, финансирањето, развојот и промоцијата на науката, технолошкиот развој, техничката култура, информатиката, информациските системи како и меѓународната соработка која се однесува на ова прашање. Значи, обврзана е, не е дали сака или не сака. Тоа го вели Уставот, тоа го вели законот.

Ако е тоа така, ако е обврзана зошто не планира повеќе пари, барем оптимум пари кои треба да се вложат во науката, или смета дека науката е на маргините на настаните, не ни треба наука во Република Македонија, не ни треба подмладок, не ни треба научен кадар, едноставно да ги избришеме тие пари што требаат. Ако мислите дека со околу 130 милиони да се финансираат научно-истражувачките дејности, а патем кажано дека со Буџетот за 1996 година само за надворешни работи добија повеќе од 300 милиони денари а незнам зошто, едноставно не гледам која е причината. Ќе биде дека науката апсолутно не е занемарена. Еден дел од тие пари да се пренасочат кон науката и кон образованието, пак ќе потенцирам, сигурно во Македонија ќе беше многу подобро. Јас сум свесен дека македонската економија не може да издржи енормни одвојувања во врска со парите.

Но, ако може, како што е кажано во извештајот, во стабилна земја, во стабилна ситуација, значи општествено стабилна ситуација, ете немаме екцеси и немаме војни, а за кризни ситуации да се одвојат од лани повеќе пари, ако за таа може да се даде пари, а сме во стабилна држава, сигурно можело да се одвојат повеќе пари за науката. Ама и тука ништо не е сторено.

Ќе видите дека после ќе зборувам и за делот за екологија. И во екологијата пари се помалку. Јас се прашувам нешто. Ако парите се помалку во екологијата, ако се пари помалку во земјоделие, ако пари се помалку во науката, ако пари се помалку во образованието, со што ние ќе се гордееме, со што Македонија ќе покаже дека фаќа приклучок кон Европската унија. Нели ни препорачуваат од Европска унија дека се зависи од нас. Колку, како и на кој начин ќе работиме. И ако не работиме во оној дел кај што е автентичноста на македонската наука, образованието, има потенцијали во образованието, во екологијата, јас незнам каде тоа би го направиле. Треба да направиме од други сегменти. Па немаме капацитет. Немаме можности за таа работа. Ако пак мислиме само да увезуваме знаење како што идат работиве дека треба да увезуваме и останати потребштини, во тој случај дајте да бидеме протекторат, па се да увезуваме. И знаење, и умеење и храна и се. Но очигледно дека не сме ние протекторат. Ние сме држава. Доказ е овој Парламент и дека треба во тој правец да се движиме. Да финансираме она што е наше оригинално. Ама тоа не се прави.

Се надевам дека мојата дискусија ќе го поттикне министерот за финансии и Владата, нашиот заеднички амандман кој е поднесен од Комисијата за образование и наука, ќе биде прифатен со таа сума што е предложена и барем финансирањето на науката ќе тргне кон нагорна линија. Ако вака продолжи, она што се прави, мислам дека ќе дојдеме до таа ситуација да немаме наука, немаме оригиналност и ќе ги фати нашите млади апатија. Не може да напредува, не може да се надева на ништо и очигледно она што е најважно на младиот е надежта ќе умре.

Ние сме, покрај тоа законски условени да напредувањето од асистент, на доцент, вонреден, редовен професор, да има одредени научни трудови, апликации. Ако државата не овозможи да тие млади луѓе, да ги едуцираме да можат утре да аплицираат на европски проекти, да имаат систем каде што можат да си покажат, треба да свој бек граун. Ако не вложиме во нив, како ние може да конкурираме, или тие да конкурираат на меѓународни проекти, каде што често пати знаат некои луѓе од Владата да покажат, нека конкурираат нашите научници на меѓународни проекти.

Да, нека конкурираат, ама за да конкурираат треба да имаат име и презиме, а како да дојдат до тоа ако државата не финансира. Тоа е исто да речеме дека еден спорски клуб кој котира многу долу, ќе оди на Европско првенство. Не, треба да се финансира и треба да се подигне на повисоко ниво. Државата има обврска и право да го направи тоа.

Би сакал некои работи да кажам во однос на учеството на науката во економијата. Во периодот 1997-2000 година македонската економија постигна просечна стапка на раст на бруто домашниот производ од 2,4%. При тоа, вкупната факторна продуктивност односно научно-технолошкиот процес, во најширока смисла на зборот, дал најзначаен придонес за

динамизирањето на економскиот раст на земјата од 2,4%. Значи, науката дава придонес за економијата односно за развојот на економијата. Заради евидентирање на придонесот на научните работници во Република Македонија во светската ризница на научни информации, министерот за образование и наука оформи база на податоци, објави и научни трудови и на македнски научни работници во списанијата, како фактори на влијание, како и нивната цитираност. Извор на информации за оваа фаза е користена меѓународна база на податоци, врз основа на податоци од оваа фаза во периодот од 1982 - 2000 година домашните научни работници имаат објавено вкупно 1652 трудови во вакви списанија. Тоа ќе каже дали е доволно или не. Мислам дека е многу малку тоа, ние котираме на меѓународни рамки најдолу. Само за илустрација во Холандија во 2003 година овие такви научни трудови се 101.000. Со ова може да се види каде ни е нас местото. Во периодот 1996 - 2003 година министерот за образование и наука го финансираше 77 развојни проекти кои резултирале со нови производи 34%, нови материјали 4%, воведени сопствени технологии, нови технолошки поставки 18%, поставени технолошки линии 2%, оптимизирање и подобрување на постојните технолошки постројки 26%, рационализација на производство од 5% и подобрување на квалитето на живеење 11%. Овие податоци кажуваат дека вложувањето на науката се враќа како импут во нашата економија. Ако некој вели дека тие пари се фрлени, греши. Очигледно, она што можам да констатирам дека со вложување на толку малку пари, без да се согледаат сите препораки и апекти на важноста на науката во Република Македонија, сметам дека овие податоци не се земени впредвид. Едноставно, науката се финансира од паушални дадени бројки, само да фигурира бројка. Тоа се вели да добие науката ронки. Со тие ронки, со малку финансирање нема да има наука, нема да има научен развој, нема да има технолошки системи, нема да имаме наш технолошки импут во економијата и секогаш ќе бидеме на многу, многу зависна економија. Ако видите дека приходите над 70% доаѓаат од ДДВ и ќе видите дека при увозот на робата се плаќа истовремено и царина и ДДВ, тоа покажува дека се уште Македонија е високо зависна земја од увозот. А, за да не бидеме високо зависна земја од увозот, ние треба да имаме оригинални решенија, наши решенија за нашите економски проблеми. Тоа се постигнува со вложување во науката на подолги стази. Научните ефекти не се гледаат денес за утре, научните ефекти се гледаат многу подолго. Тоа е едниот ефект.

Вториот ефект, ги задржуваме нашите млади во нашата земја за да не можат да барат своја афирмација надвор од земјата и тоа што со закон ние сме обврзани, Владата е обврзана, да ја финансира науката онолку колку тежи и вреди во меѓународни рамки.

Морам да ви кажам, во меѓународни рамки науката многу тежи, многу котира. Само очигледно во Македонија е маргините на настаните. Ако видете дека како еден во една Англија, на Германија, Франција, па да не кажам за оние што не опкружуват, Словенија, Србија, Албанија и Бугарија, многу, многу повеќе котира науката, многу, многу повеќе се финансира науката и тие сватиле дека без финансирање во науката нема иднина на една држава. Без финансирање на науката неможе да ги задржиме младите во нашата земја. Без финансирање на науката немаме ние соодветно квалитетно образование каде што со Болоњонската конвенција ние сме се обврзале тоа да го направиме. И тие едноставно мораме да идеме по чекор, за она што имаме препораки од Европската унија, а би замолил Владата на Република Македонија, министерот во овој случај заменикот министер, да ги согледа сериозноста на овие проблеми и да го прифати нашиот заеднички амандман , не да мисли дека тоа е политички обоено, бидејќи амандманот е едногласно усвоен од Комисијата за образование и наука, и ќе допринесе кон подобрување на она, многу важна работа во однос на науката. Само на крај би кажал дека и овој сегмент е поврзано со Министерството за екологија и просторно планирање. И тоа Министерство треба да биде топ Министерство во европски рамки. Ама и тоа Министерство едноставно се финансира со помалку пари. Ако науката се финансира со помалку пари, пак ќе повторам, ако Министерството за екологија се финансира со помалку пари, јас незнам, со кои проекти ќе се гордееме, како што донесовме Закон за наше органско производство, производство на храна без пестициди. Производство на храна кои нема да бидат загадена од почвата, воздухот и водата, ама да произведеме една таква храна, треба да имаме соодветно знаење и тоа знаење кое потикнува од овие простори. А, за да имаме тоа знаење треба тоа да знае да финансира. А, ако не се финансира бидете сигурни дека е почеток на крајот на подмладокот на науката, а со тоа едноставно државата. Јас три години доследен сум, зборувам за науката. Три години Владата ги прифаќа тие сугестии, ама три години едноставно не прави ништо, апсолутно ништо да направи барем еден исчекор да се финансира науката. Ако ништо повеќе барем да доведе во едни оптимални услови на финансирање, како што беше во изминативе, да кажам 1995.1996 година и понатаму, за да имаме нагорна линија во финансирање на науката и тогаш бидете сигурни ќе бидеме прифатени многу повеќе внатре во Македонија и надвор во европски и светски рамки.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Ќахил.

Господине Рахиќ имате три минути реплика.

**Есад Рахиќ:** Со сиот респект кон колегата Ќахил како човек пријател, пратеник, пред се, како

научен работник, јас се сложувам со добар дел од неговата дискусија и апсолутно е во право. Меѓутоа, има една мала фалинка во неговото излагање, која вчера ја забележав кај еден мој сопартиец исто наш колега, кој што кажа дека има толку и толку неписмени, толку и толку луѓе што тргнале во основно образование и не го завршиле, само 500 илјади луѓе се со основно образование и тоа е во ред. Инаку, тој колега денес не е тука, а расправаме за Буџетот на Република Македонија.

Почитуван колега Ќахил, вие пред да станете доктор на науки, сигурно сте биле во основно училиште, за разлика од некои други кои директно ускочија со факултетски дипломи, можеби и со магистерски и докторски трудови, па би ве прашал во рамките на работата на вашата Комисија зошто не се погрижите да дадете еден амандман, на пример, за проблемите во основното образование за целодневната настава. Можеби ќе ми кажете кој си има проблем со мали деца, тој ќе си праша за својата болка, меѓутоа верувам дека вашите деца ако не се толку, може да се малку поголеми, но имате некои што се блиски, па во моментов целодневната настава не функционира. Мислам дека основа на сето тоа што го кажувате во делот на високо образование, па и наука е основното образование. Ако ние во основното образование не ги решиме проблемите незнам како ќе справиме со проблемите во делот на високо образование и наука. Тоа е една работа.

Втора работа, слушам неколку дена овде, веројатно и понатаму ќе слушам дека нема пари за земјоделците. Апсолутно се сложувам со тоа. Нема пари за научните работници, нема пари клинички центар, толку се парите. Дајте ние заедно како пратеници да и помогнеме на Владата и на органите кои се задолжени да собираат пари, да се соберат пари во Буџетот, па да ги решиме оние проблеми кои што ги имаме како држава. Знам ќе кажете дека тоа е Владата. Меѓутоа, таа Влада без разлика дали ја подржуваме не е заедничка, наша македонска. Од прилика знам што ќе ми одговорите, меѓутоа тоа е ваше право. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Една минута реплика имате господине Ќахил.

**Аднан Ќахил:** Господине Рахиќ, многу ми е мило што со многу делови од дискусијата се сложувате. Веднаш ќе ви одговорам за целодневната настава. Тоа сигурно е проблем, но треба да ги прашате тие кои тоа го доведоа тоа да биде проблем. Јас сум сигурен и сум убеден дека и во Комисијата ние дискутиравме многу конструктивно сите заедно со концензус за тие проблеми. Но, сето тоа е во делот на образованието. Јас кажав во мојата дискусија, малку пари се вложени во образованието, тоа е дел од тој сегмент, но за тоа треба да кажат луѓе кои се експерти за таа област. Јас за таа работа само ќе ја дадам мојата подржка. А, што се однесува со тоа дали некој бил во основно образование или не, сигурно сакам да кажам дека никој не е роден со знаење, државата треба да вложи во некого за да биде доктор на науки и да биде научник, ама без вложување, нема. Ако вложите во Министерство за надворешни работи 300 милиони, а да вложите само 100 милиони на наука, ќе добиеме многу повеќе. Од Буџетот милијарда евра, плус милион евра за наука ќе имаше многу.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам. Господине Флоровски имате збор.

**Александар Флоровски:** Јас во пракса за Буџетот многу и не говорам, но да ви кажам не можам да одолеам на повикот на министерот за финансии каде што не повикува сите да учествуваме и заеднички да го донесеме Буџетот. И, на таквата покана човек нормално не може да одолее. За да дадеме еден ситен придонес во она што значи индно спонзорирање и живеење на македонската држава во сите сегменти, општествено политички. Тоа е еден социјалистички термин, но се уште го практикуваме, а соодветен термин во новово повеќе партиско време, за жал, немаме најдено. Затоа, ќе употребувам некои термини кои одамна се заборавени и сакаме да ги заборавиме. Но, тоа е тоа и неможеме да бегаме од вистината. Не можеме да бегаме од некои работи кои се повеќе од очигледни. Не можеме да бегаме од некои работи кои заслужуваат, благо кажано, критика или нека не биде критика, нека биде укажување добронамерно и да не се зема за зло дека еве опозицијата излегла колку само да излае што има, да ја оцрни позицијата и Владата и да стекне некои политички поени. Целта воопшто не ми е таа. Целта ми е она што успеав да го изанализирам од пледоадеото или воведот на министерот господинот Никола Поповски има 5,6 сегменти кои се многу интересни и кои според неговите оптимистички видувања ја носат Македонија директно во прегратките на Европа. Со сите економски параметри кои се овде набројани, во кои лично не верувам, затоа што хартијата трпи се и на хартија можете да напишете она што сакате да го напишете. Впрочем, инспириран од денешниот говор на господинот Црвенковски, кој потенцираше само две работи кои се многу интересни говорат токму за оваа работа. А, нема причина да не му верувам, затоа што повеќе мандати бил премиер и претпоставен дека е познавач на оваа проблематика, кој кажа дека само две многу интересни работи. Јас попатно ќе ги спомнам, ќе ги парафразирам. Тој рече вака:" Од една страна опозицијата атакува и го негира она што Владата го има направено и што мисли да го направи во 2006 година во врска со Буџетот, а од друга страна позицијата го брани ставот на Владата". Тоа е една логична работа. Тука се владее по една проста математика, а тоа е гласот на мнозинството. Тоа е повеќе партиската демократија и треба да ја сватиме како таква и никој нас да не ни се лути дали излегол Флоровски, Петко, Станко, Трајко да каже 5,6

збора колку што држи неговиот ментален склоп во врска со оваа проблематика. Не сме сите математичари, не сме сите познавачи на економијата, но и овде имате одредени политички моменти, зашто едно со друго е поврзано и ќе го кажам она што сметам да го кажам.

Значи, господинот претседател Црвенковски рече вака: "Вистината е некаде измеѓу". Тоа на англиски би се кажало На средината на патот, што значи не е ниту лево, ниту десно. Сака да каже претседателот според она што занчи логичко размислување, ниту пишувачот на овој текст, на ова пледоае тој што го правел Буџетот, ниту опозицијата не се во право, туку вистината е некаде во средината. А, средината може да ја бараме, но дали ќе ја најдеме тоа е знак на прашање. Тоа е до гласот на мнозинството, вистината ќе биде таа. Вели вака: "Во Македонија имаме слаба економија, ниско ниво на инвестиции". Тоа е повеќе од очигледно, на пример, во споредба со една Бугарија која минатата година имаше милијарда и пол долари, а Романија имаше неверојатни 5 милијарди. Просто човек да не може да се изначуди каде една Романија од времето на Чаушеску, па до сега, за една година има вложување од 5 милијарди долари, што е една страотна бројка за нас како држава. До душа Романија има некаде 20-22 милиони жители, тоа мора да се има предвид, го има Црното Море. Потоа, одредени резерви на нафта, на јаглен, итн, но тоа не не оправдува нас. Ова што го нудиме овде и она што може да се прочита имате впечаток дека Македонија е на патот да стане втора Швајцарија. Не по теркот на Ванчо Михајлов, туку од економски аспект.

Уште една работа која е многу интересна, исто така, слушната од господинот претседател актуелен кој вели: "Подобрување на перфомансите на македонската економија". Во ова писание, пледоае, вовед, увод или говор на господинот Никола Поповски никаде не можеме да најдеме критички тонови т.е. објективно видување на она што значи економски живот во Република Македонија. Не треба ние да се срамиме дека на некое поле работите не течат добро. Точно е дека никој со магично стапче било која политичка партија да дојде не може преку ноќ нешто да направи. Ако е така нека се нотира и нека стои. Овде имам впечаток дека во Македонија 2006 година ќе протече мед и млеко. Даj боже да е така, дај боже да видат благодет идните генерации, дај боже да тргне државата, еве чекаме предходникот на Европа да влеземе во НАТО, ќе капне некоја паричка, ќе стигне до народот. Но, никако да стигне до народот да имаме Буџетот од скоро милијарда и седумстотини милиони евра, за разлика од 1998 година кога имавме 800 милиони евра, претворени во марки тоа е милијарда и шесто милиони марки кои веќе не се во оптек. Каде одат тие пари, господ знае. Зошто велам господ знае, затоа што и вие не знаете. Затоа што, сосема случајно вчера, седејќи и гледајќи ТВ Сител го слушам господинот Михаљо Маневски, новиот претседател на Антикорупцисата Комисија кој вели дека, еве со скопски жаргон да се изразам, вели најголемите дубари, далавери се прават таму каде што се склучуваат јавните набавки. Имате на ниво на Влада едно такво тело, но има такви тела и во секое министерство, ако не се лажам. Значи, тоа ми дава за право да размислувам дека навистина некој прави дебели далавери и ги троши парите на македонските даночници преку еден од овие модалитети. Одиме на тендер, пликовите ги отвораме пред време, добива некоја си фирма, потоа правиме тебе-мене и го делиме добитокот. За да апсурдот биде повеќе, било кој денешен весник да го земете, ќе прочитате фрапантни работи во една држава која претедира да влезе во Европа. Јас пак ќе кажам дај боже утре да влеземе, но не со ваква свест. Во комбето, кое нема врска со Буџетот, кое било опљачкано било 4 милиони евра. Јас се прашувам тие  3 милиони и 400 илјади евра дали ние ќе ги покриеме од Буџетот, за да ги покриеме трошоците од Македонски пошти.

Значи, има една српска изрека, а тоа е:"луд образује збуњеног". Многу е лошо човек да се доведе во една таква ситуација. Па апсурдот да биде поголем вели дека приватник бесплатно ги добил паркинзит на Клинички центар , со обврска во следниоте 8 години од парите што ќе ги собере, а не знаеме колку ќе собере. Само прочитав дека час паркирање ќе биде 20 денари, а имате мал милион на возила кои се паркираат, ќе гради одредени зданија во Клиничкиот центар, кој е еклатантен пример на класиченн загубар. И се чудиме , здравството колабира. Ќе колабира, нема лекови, плафони паѓаат, утре дожд ќе врне, громови ќе удираат. Дали оваа Влада одкако дојде на власт вложи во здравството макар денар. Таа вложува, но за јавни набавки. Па кога ќе поминеш низ тие јавни набавки, ќе видиш дека има резерви за следните 150 години. Од мантили до незнам што, се тоа што е потребно. А при тоа, заборавaат дека се има рок на траење и додека стигне да се употреби ќе биде неупотребливо, затоа што се има рок на траење. Ова се вели македонски со еден турцизам:"мижи Асан да ти баам". Нема да ми земе за зло господинот Кенан Хасипи, јас сум од Чаир и растен сум во таков амбиент, каде што овие жаргони ги употребувавме. Растевме сите заедно во едно би рекол идеално општество, во наводници, но не е ни битно. Сакам да кажам дека после 15 септември, оној фамозниот, како преку ноќ да се прекина се. Јас и претходно говорев, околу мојата зграда имаше 15 мали дуќанчиња од кои луѓето живееја и продаваа. Сега остана само Бамка другарот да работи и тој вака ми вели Флоровски ,гласаше за вас, никако да го убедам за ВМРО: "каде што фатија се живо исушија". Тоа се однесува на актуелната власт. Нему можам да му верувам, но можам и да не му верувам. И јас велам дека не е можно. Не се сите криминалци во владејачката структура. Претпоставувам дека има

и чесни луѓе, како што има и чесни луѓе во ВМРО. Не бевме сите криминалци, па ни ги апсевте луѓето, па не дај боже вие да се најдете во таква ситуација. Луѓето ги натеравте до ситуација и сопствениот ум да го изгубат. Не дај Боже.

**Љупчо Јордановски:** Господине Флоровски ве молам, да се држиме до договорот.

**Александар Флоровски:** Се држам јас до договорот на министерот до танчина.

**Љупчо Јордановски:** Со мене што го направивме договорот.

**Александар Флоровски:** За интерниот говорам јас.

**Љупчо Јордановски:** За 10 минути зборувам јас.

**Александар Флоровски:** Тоа му доаѓа претседателе како преддоговор склучен меѓу МПЦ и СПЦ кој денеска некои го негираат.

За да бидам уште полуциден, а Господ ми дал таква дарба.

**Љупчо Јордановски:** Мене ми дава предност, а ја спомна МПЦ. И јас сум МПЦ.

**Александар Флоровски:** И јас сум. Јас сум и верник. Не лажен верник. Вистински. Верник во Бога. Претседателе, многу е битно да говориме, а ми е жал министерот што не е тука, а не повика сите нас да учествуваме за да помогнеме, не од зла намера. Значи, сето ова што го говорам, дали забележавте дека говорам со инат, со зла намера. Јас само правам една летимична анализа, без да навлегувам андерграунд, подлабоко и да почнам да се сомневам во некои криминални деанија, кои полека полека здравје боже, ќе се откриваат.

**Љупчо Јордановски:** Добро благодариме.

**Александар Флоровски:** Ако пак ни се способни структурите како што сега се способни во тоа воопшто не се сомневам. Одма ќе ги лоцираат кривците во редовите на СДСМ што не е добро пред време да се осудуваат луѓето како што го правеше владеечката гарнитура во еден минат период.

Сега можам да кажам дека ВМРО малце здивнаа, зедоа воздух, фала му на бога и секогаш велиме Господ е најголем. Така ли е господине Хасипи, Господ е најголем. Морам да ги извадам наочарите, имам проблем со видот човек како старее се менува и диоптријата и ќе продолжам понатака.

Економските остварувања во 2005 година, изразени преку растот на БДП, што во превод значи ЦДП , еден бруто национален доход на македонски за да домашен, се извинувам по глава на жител, јас секогаш сакам да се служам со она што поради ова македонско наречје тука, без странцизми демек, ние достигнавме некое високо ниво, разговараме на јазик кој е непознат за нашиот народ, и овде некој кој ќе излезе и половина од зборовите никој не му ги разбира, па не обичниот човек. Вака македонски говорам, за да може секој да ме разбере. Значи економските остварувања во 2005 година изразени меѓу растот на БДП и фискалната и најниската стапка на инфлација, апсолутно стои и во тој контекст, само би го спомнал еден еминентен професор за мене од оваа област, Таки Фити во поќе наврати и како пратеник и како министер вели дека економската политика која ја води оваа Влада, не е во ред, нема стимул за фирмите кои извезуваат надвор, без при тоа, подлабоко да навлезам, затоа што не сум експерт од оваа област, а него го сметам за експерт, затоа што е професор и предава на тие студенти кои утре треба да ја водат државата на својот грб. Како да не му верувам на претседателот, кој е математичар, предава на студентите, предава она што го знае и тие утре треба да го наследат. Зошто да немам доверба во тие луѓе, ако е од СДСМ. Значи се работи за човек кој дава една реална визија на работите. Овде ни се исфилувани како денешната елка. Разно разни бои ни се продава фатаморгана. А фатаморгана значи кога ќе одиш во пустина и на секои 50 метри ти се појавува вода, а вода нема никаде. Постината во Невада, Калакарија, или земете ја големата Кинеска пустина во Азија помеѓу Монголија и Кина итн.

Значи, може многу да се говори. Знаете ли колку имам да говорам. Едни добро два ипол-три часа, но заради претседателот, ќе гледам да бидам што пократок. И претседателе, уште пет минути ќе сублимирам се што можам, а запишав многу работи. На пример овде министерот ми говори во кои области каков развиток имало, при тоа спомнува, текстилна индустрија, градежна индустрија, спомнува овде сте напишале освновни метали, ама сте мислеле на обоени метали, претпоставувам, тутунска, хемиска , фармацевска и некоја друга индустрија. Па ќе земам само еден пример, парадигма што велат Грците, текстилната индустрија. Кинезите не преплавија со текстил. Мртва е текстилната индустрија. Од каде текстилната индустрија учествува во растот на бруто националниот доход по глава на жител. Со кои фабрики, со кои приватни фирми. Со тие што работат лон ? Со тие што добиваат материјал, конци, копчиња и она што ќе го сошијат да добијат евро ипол или два. Со тоа ли расте? Или со копање на песок од Вардар или од Пчиња расте ЦДП или македонски кажано БДП. Има многу нелогични работи. Вели вака дека 2005 година извозот на стоки пораснал за 20% а увозот за 16%. Значи разлика од 10% во наша полза. Потоа вели очекуваме до крајот на годината извозот да биде 31%, а увозот 21% и една нелогична работа БДП наместо да порасне за 6,5%, порасна само 2,5%, а добиваш повеќе пари од надвор. И обичен продавач кој е битно изверзиран да го прашате нема да верува во ваква работа. Или семкарот Рамчо од Чаир да го прашате. Се зголемува вработувањето. Знаете ли како се зголемува вработување. Еве јас ќе ви кажам. Многу просто, многу едноставно. Се е во пенкалото и тој што пишува. А се работи за следното. Мене барем така ми направија и бившата колешка Ѓулистана Марковса и ќе ви набројам уште 10 души. Се пријавувам секој месец. Ми стигна писмо, ми вели ќе се

пријавувате секои три месеци. Во ред, го почитувам законот. Ми стигна после три месеци друго писмо во кое пишува да се пријавувам секои 6 месеци. Во меѓувреме во Заводот за вработување носат интерна одлука да се пријавувам секои 4 месеци, но писмото не стигна до мене. Јас одам 6-тиот месец да се пријавам да земам сини картони и ми вели господине Флоровски следните 2 години вие никаде не фигурирате. Како не фигурирам кога сум жив, кога постојам. Значи мислам а што мислам значи постојам. Значи сум присутен. Така ли ги вработувате луѓето со бришење од евиденција? Една фрапантна бројка од девет ипол илјади вработени. А да ве прашам да излезете со список во кој фирми вие ги вработувате тие луѓе или во јавните претпријатија. Еве излезете кажете ние вработивме 500 души во фирма Скопска, во Штип толку, во Гевгелија толку. Како може човек да ви верува дека вработувате, а се погласни се негодувањата каде се свртите, електронски, пишани медиуми дека сме во тотален хаос, пропаѓаме. Но битно е ММФ што кажува.

Точно дека е битно и аранжманот ќе го склучиме , ептен е битен. А најбитно ќе биде кога ММФ ќе си оди и ќе има наши пари со кои ние ќе располагаме, ќе правиме што сакаме. А ни доаѓаат овде и ни делат разно, разни лекции. Многу ми е битен да ви кажам мене или и на обичниот човек за ММФ, ако нема пет пари во џеб. Реално да говориме, реално да ги гледаме работите, не го интересира. Вчера да свртевте на СИТЕЛ, Црн-Бел бумбар ќе видевте како размислува обичниот македонски граѓанин. Еден куп црни бумбари. Човек просто да се исплаши ако надлетаат над вас. Како ескадрила на авиони.

Еве претседателе да не го кршам атерот, дадениот збор си го почитувам. З тутунот да не говорам. Субвенции нема, земјоделството е во катастрофа, при тоа ограничени да се продава само овде, прекупци, накупци си играат со нервите на луѓато и може да ни се случи социјален бунт и да не ве чуди. Јас да сум да работам чесно сум изработел, дадов, парите не можам да ги земам. Со раце ги давам а треба со нозе да ги барам. Да трчаш по некого да ти ги врати парите. Ова сум го работел фактички цела сезона. За тутунот, некој ветуваше 15 марки 2002 година, ќе биде тутунот, прва категорија, јака и како се викаат, јас не ги знам. За големолисниот Вирџинија, за него знам.

Што е мојата интенција. Исто така обвинувањата што беа, мислам дека тука е главниот проблем. Господинот Маневски вели дека во Македонија има сериозни коруптивни дејствија. Буквално вака кажа. Ако успеете тука да застанете на патот, имате шанси нешто да реализирате од ова. Ако не успеете, ќе треба да си одите и да си ја преземете одговорноста. Ако сте соучесници во сите овие дејствија, ќе треба некој плус да одговара. Работата е што утре можеби нема да биде некој политичар па размислува, нема смисла да останам со празни џебови да паднам на ниво на социјална помош. Па и таа нема да ви ја дадат. Спомнав за Клиничкиот центар, тој си е посебна приказна. Тука има и покомпетентни од мене, господинот Оровчанец, имаме доктори еден куп ќе ви кажат дека состојбата е карма каша, нов турцизам не сакам да употребувам, малку ќе бидам прегруб, но работите ако ги гледаш со очите на обичниот македонски граѓанин, независно од националната припадност,ова што овде е нафилувано со разно разни проценти и бројки во кои не верувам дека и претседателот кој е добар математичар потешко ќе се снајде, а ние послабите математичари не знам како ќе се снајдеме. Правиме дупки во сите овие работи, а дупки има колку сакате. Ви кажав и околу вработувањето . Интересно би било, повторно ќе кажам уште еднаш каде тие луѓе се вработени, дали навистина се вработени. Уште поинтересно ако се прошетате надвор не од центарот на Скопје, ќе видите луѓе како питаат, како молат за парчел леб, како во контењерите се влезени, бидејќи веќе нема канти.

**Љупчо Јордановски:** Господине Флоровски по втор пат ви кажувам.

**Александар Флоровски:** Буквално да ви е жал за луѓето и за овој народ. Ова господа од Министерството за финансии повеќе се однесува на господинот министер одколку на вас, затоа што е прв човек и сметам дека сите овие укажувања ги знае и тој. Не дека не ги знае. Не дека е неук. Претпоставувам дека му е кажано вака да го исфилува, како што е исфилувано. За договорите во 4 очи нема да ви говорам, бидејќи повторно со тие пари од буџетот. Да не ја спомнувам таму покрај Стоковната куќа "Илинден" што е продадена, па потоа "Коч" "Рамстор", турбоинститути кои ќе доаѓаат, "Лукоил", знаени и незнаени фирми. Да не зборувам за културата, дадени пари те за знаме, те за паметник, те за споменици итн. Ако сакаме да бараме, ќе најдеме многу работи, но премногу го почитувам сопствениот збор, го почитувам зборот лшто му го дадов на претседателот и на Парламентот и тука ќе прекинам, иако имам желба да говорам барем уште еден саат време, затоа што заслучува внимание, а и повикот од министерот за финансии не е добро да се одбие, бидејќи сепак е министер а ние сме обични пратеници. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Флоровски. Повелете господине Паљошкоски имате збор.

**Ѓорѓе Паљошкоски:** Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитуван заменик министре.

Имајќи ја предвид големата неправда што им е нанесена на земјоделците со буџетот во 2005 година, кога не беше одобрен ни денар за поддршка на нивното производство. На почетокот на собраниските дебати за делбата на буџетските средства за 2006 година, земјоделците на Македонија ве замолуваат да се пристапи кон разгледување и донесување на буџетот за 2006 година, со цел, Собранието на Република Македонија , како законодавен дом да ги оцени

состојбите во најголемите природни македонски фабрики со најголем број на работници , да донесе нејзина санација. Во годината што изминува, македонските земјоделци без буџетска поддршка , без фондовска интервенција од страна на Владата на Република Македонија и без државна грижа при откупот и исплатата на стратешките земјоделски култури за кои не постои државна заштита од една страна и зголемено ДДВ од 5 на 18%, за сите репроматеријали , добиточната храна , ветеринарните лекови , една деценија не корегирани цени на сите земјоделски производи пет до шест пати зголемени цените на сите репроматеријали и нафтените деривати. Не организиран откуп, претеран увоз на млеко и млечни производи , месо и др. отсуство на извозна ориентација на пазарите во ЕУ.

Второ, отсуство на извозна ориентација на пазарите на Европската унија. Од друга страна се дел од причините што и тие се најдоа меѓу загубарите и стечајците, најголемата и најстарата фабрика за производство на храна, што обезбедува работа и егзистенција на 185 илјади земјоделски домаќинства, со над 700 илјади жители, нуди сорувини за работа и плати на илјадници работници од прехранбената и тутунската индустрија. Без девизи носи девизи. Преку ефтиното селско стопанско производство го сочувува социјалниот мир во државата. Се наоѓа пред банкрот.

Нејзините работници се соочуваат со огромни работи и животни тешкотии. Нашите земјоделци во Македонија, излезот од сегашната криза и апсолутната сиромаштија во која што западнаа земјоделците го гледаат во разрешување на бројните причини и обезбедување на буџетска поддршка за нивно производство.

Буџетот во 2006 година, односно народните пари треба и мора да бидат по функција на битката што ја водат земјоделците за повеќе храна, за нивна егзистенција, исхрана на македонските граѓани. На земјоделците кои што преку ДДВ се натерани да ја полнат државната каса за огромниот државен бирократски апарат, во името на правдата, правната држава треба едно делче од тие парични средства, низ разни форми на нивното производство да ги врати преку премии, субвенци, регреси и стимулации, што освен на македонските земјоделци, ги имат земјоделците од богата и соромашна Европа. Тие се силно оружје за отстрел на нашето земјоделско производство.

Време е кога се бара одење во Европа да се најде примена и во Македонија. Во спротивно, македонските земјоделци и понатаму не ќе можат да најдат место на европските пазари, на земјоделци на Македонија.

Имајќи во предвид, правото што Република Македонија го стекна со статус на членка на Светската трговска организација, бараат доследно спроведување на нејзините правила и принципи за финансиска поддршка на земјоделците во 2006 година. На овој план, врз основа на склучениот Договор со оваа организација, во областа на земјоделството, Република Македонија, со продолжувањето на документот за финансиска поддршка во периодот 1998 година до 2000-та година се стекна со право на буџетска поддршка на земјоделците. Секое бегање од оваа обврска е веќе политика.

Инаку, како приоритетни мерки што го помогнаа развојот на земјоделството, се во согласност со правилата на СТО, па земјоделците во Македонија го предлагаат следново:

Да имаат заштитни цени на стратешките земјоделски култури, на семенската стока, минералните ѓубрива, хемиските препарати и др.

Јас би имал толку во кратки црти. Благодарам.

(Во отсуство на претседателот на Собранието со седницата продолжи да работи Гзим Острени, потпретседател на Собранието на Република Македонија).

**Гзим Острени:** Благодарам господине Паљошковски.

Има збор госпоѓа Топузова-Каревска.Таа не е тука.

Има збор господинот Андов Стојан. Молам да земете збор.

**Стојан Андов:** Почитуван господине потпретседателе, почитувани преставници на Владата, почитувани колеги пратеници кои ете, не дадовте предност на било која друга работа, туку, вршејќи ја својата должност совесно, останавте овде да расправаме за Буџетот. Сакам и јас да кажам неколку збора по ова прашање.

Всушност, Буџетот е, во нормални прилики, а мислам дека веќе државата навлегла во нормални прилики, најважната точка со која што се среќава Собранието во текот на годината.

Ние, веќе неколку дена сме со статус на кандидат на полноправно членство во Европската унија и треба постепено да ги афирмираме оние принципи на работа, па и Буџетот, што се практикуваат во земјите полноправни членки во Европската унија. И тоа е нашата подготовка за полноправно членство и тоа претставува исполнување на стандардите и узансите што се практикуваат во тие земји.

Вообичаено, во земјите од Европската унија, земјите членки, за Буџетот се расправа во три фази, а најмалку во две фази. Првата фаза за буџетот за идната година почнува крајот на октомври или почетокот на ноември, кога се расправа за основите на буџетот, за неговите основни рамки и основни насоки. Некаде кон крајот на октомври, до средината на ноември, е таканареченото второ читање и се расправа за неговата структура, структурата на приходите и на расходите. И, на крајот, кога се расправа, кон крајот на декември, тогаш се расправа за детали и тогаш се изготвуваат прецизни амандмани и се вагаат, одмеруваат работите во ситница и танчина.

Буџетот е прашање што е еднакво во принцип со прашањето на доверба на Влада. Паѓањето на буџетот на Владата, вообичаено во тие земји е паѓање и на Владата. Толку е значајно тоа буџетско прашање и ние треба на тој начин да почнеме да се однесуваме, да ги промениме нашите прописи со кои што е определена да е можно првата средба со буџетот на пратениците да биде некаде околу 1ти или после 15-ти декември за во рок од 10 дена да биде донесен.

Тука не можам да ставам никаква забелешка на раководството на Собранието или на службите на Собранието кои прават напори се што се добива на време пратениците да го добијат. Овозможуваат пратениците тоа да го имаат. Исто така, вложуваат напори и да им помогнат на пратениците подобро да се подготват за буџетот, меѓутоа системот за подготовка на буџетот е стар, не одговара на задачите што сме ги поставиле пред себе, не одговара на потребната транспарентност и ширината на учесниците што мора да имаат шанса да дадат прилог во неговата изработка, бидејќи пак од друга страна, откако ќе се донесе буџетот, тој претставува најсублимиран, најконцентриран инструмент на управување со сите финансиски и економски токови во земјата. А, преку тоа се прекршуваат и сите сфери на животот. И во образованието, и во науката и во администрацијата, и во судството, одбраната, безбедноста, во економијата.

Затоа мислам дека треба да почнеме да се подготвуваме и да поминеме на поинаква подготовка и расправа и усвојување на буџетот. Сепак, ние сега имаме готов буџет и можноста да се промени нешто во овој буџет е многу мала. Многу е мала, бидејќи сега нема место да се израсправаат некои концептуални прашања за вкупниот развој во економијата, во општеството што мора да ги дефинира основите на буџетот. Немаме можност сега да влијаеме на тоа. Ние немаме ни така презентиран материјал, што на тој начин приоѓа на оваа материја.

Затоа, пратениците мораа да одат на амандмани со кои што ќе истакнат поедини предноси што се даваат на некои решенија. Од друга страна, ќе мора многу на брзина да наоѓаат рамнотежни решенија, а ако се тие кај расходите, да видат кај приходите дали нешто можат да предложат или пак едни расходи да зголемат, а други да намалат. Тоа е многу тешко да се стори.

Сега, видете, кога министерот за финансии, во воведното излагање зборуваше дека ние сме го нашле патот и сега треба да продолжиме по патот што сме го нашле, јас мислам дека треба малку да се поразмисли за овој предлог што го давам, системот на подготовка и донесување на буџетот да се регулира со закон на друг начин, како што тоа бива во земјите од Европската унија. Инаку, овој пат што го практикуваме, а што сме го нашле, навистина, до сега не ни овозможува нешто битно да влијаеме на донесувањето на буџетот.

Втора работа за која што сакам да спомнам, пак ме стимулираше министерот за финансии. Тој, зборувајќи за тоа колку добро сме го нашле патот и колу е добар тој пат, ги обележи појдовните позиции, стартната позиција на тој пат и моментот и местото, да речам, каде сега се наоѓаме на тој пат. Тој кажа дека со предвидениот раст за 2006 година, во текот на 2006 година, со растот од 2006 година Република Македонија ќе го постигне нивото на БДП по глава на жител од 1990 година. И вели дека со тоа, фактички, минува нашата транзиција, сме ја изоделе нашата транзиција.

Некако, доаѓа како оваа транзиција да е целата малку енигматична. Мораме да видиме и зошто сме оделе за да можеме да се мериме со 1990 година. Зашто моравме тоа да го изодиме, да паѓаме, па да одиме пак на 1990 година? Може ли нашата сегашна позиција, што сега ја имаме, да ја упоредиме со онаа од 1990 година и можеме ли и знаеме ли која е разликата, има ли некоја разлика, кои се тие разлики.

Сакам да обрнам внимание, за да можеме да ја видиме суштината на патот што сме го изодиле и неговата убавина или пак да видиме дека треба тој пат да го напуштаме, да обрнам внимание на некои разлики што вистински 2006 година, на крајот на 2006 година битно ќе не одвојат од она од 1990 година. Ние, навистина ќе имаме ист степен на развој по општествениот прозивод, потпомогнати нешто и од нашата статистика, но, еве, да ја оставиме статистиката, да и веруваме, иако Методологијата на статистиката убаво се прилагодува како што ни одговара, и да нема грешки во статистиката, сепак има некои разлики 2006 година и онаа во 1990 година, економски, социјални разлики.

Навистина, ние ќе имаме ист БДП по жител. Сега ќе имаме по глава на жител, но ќе биде многу различно поделено по главите. Сега ние треба да знаеме дека имаме 23% сиромаштија во државата и дека имаме околу 450 илјади или скоро 500 илјади сиромашни луѓе, дека имаме многу над линијата на сиромаштијата, но многу до неа, блиску уште многу луѓе. И, дека се појавува дури и глад и финансиска неспособност на семејствата да набават основни лекови, да ги измират обврските да плаќаат струја, да плаќаат вода, да ги плаќаат основните потреби, телефонски и тн., што не беше случај во 1990 година. Тогаш, тие појави, и тогаш имаше некои посиромашни, но тогаш сиромаштијата како појава не беше присутна.

Што друго имаме како појава? Имаме неколку стотини луѓе во државата, кои имаат толку многу пари што не знаат како да ги трошат. Кои формираат посебни населби, дури имаат и посебно обезбедување на населбите, кои имаат и право на посебни урбанистички решенија за нив, за кои што и кога не се комплетни или да не важат оние кои постојат за другите и тн.

Има, би рекол така, збеснати нови богаташи. Но, бидејќи нивното богатство не е стекнувано со генерации и во еден природен тек, се однесуваат и несмасно во животот, покажувајќи го манифестирајќи го и тн.

Нашиот резултат, од 1990 година и сега на враќањето на 1990 година, после 16 години, од овие 16 години транзицијата не доведе она што во другите земји го доведува, до прилив на странски капитал и странски ефективен менаџмент, до постигнување на брз економски развој за државата. Не доведе до создавање на среден слој кој што, на крајот на краиштата, за подолг рок ја дава стабилноста на земјата на системот. Туку, создаде два шпицеви, огромен број на тешка сиромаштија и еден многу тесен шпиц, врв, на збеснати богати, богаташи, луѓе, кои неодговорно се држат и кои, еве и да не ги прашаме како дошле до парите, не ги употребуваат делотворно во развојот на нашата држава.

Ако ги употребувале делотворно тие пари, Македонија нема 16 години да се бори да се врати на истото место на кое што била 1990 година. Да ги употребувале делотворно парите, ќе имавме раст. Ќе живееја многу повеќе луѓе понормално. Немаше да имаме толку луѓе на улица. Немаше толку луѓе да ги изгубат своите работни места. Немаше да ја имаме оваа сиромаштија што сега ја имаме.

Ние знаеме дека кога минуваме во капитализам ќе има богати, не толку богати, помалку богати и луѓе со основен стандард, но не и со загрозена егзистенција, не со загрозена можност на семејството да се исхрани. Нас ни се обновува туберкулозата, болст која ги уништува бедните, неисхранетите, незаштитените, необлечените, неогреаните. Тоа ни се јавува и го имаме ние тоа.

Ќе обрнам внимание уште на една теза која овде излезе.

Разговарајки со еден од своите претходници овде деновиве кажа дека ние, во друг контекс мислеше, ама излезе така, кај нас 56% од населението е со основно образование, само 6% со високо образование, немаат адекватно на струка, стручност и т.н. Така не се оди во Европа. Јас се согласувам дека имаме пробелми и во тој сектор, но одговорнсота за неуспешната економск аполитика не можеме да ја префрлиме ние на граѓаните и на луѓето. Затоа тие имаат Влада, затоа избираат парламент. Јас морам да ви кажам неколку работи кои се показател не на незнаењето и неспособноста на граѓаните, туку на неспособноста на раководењето. Ние во овие 16 години, скоро 16 години свесни сме дека немаме можност ако не извршиме структурно прилагодување на пример на железниците. Ве молам, наместо да се седне тоа прашање да се простудира и да се направи на време скица, студија, решение и смело да се оди по тоа. Нашите влади штонаправија? Тргнаа во изградба без проекти, без темелна документација-пруга до бугарската граница. Потрошија 150 милиони долари. Сигурно помалку ќе беа потребни за комплетна реконструкција, структурно прилагодување на железниците, а вака останаа парите комплетно неискористени.

Што направивме со првиот Закон за структурноприлагодување, Законот за загубарите? Го донесовме ми се чини летото 1995 година. Тогаш фактички се реши колку загубари да се затворат. Се утврди и рок, се утврди и динамика, се утврдија и права на работниците кои ќе останат на улица како технолошки вишок и т.н. со една убеденост на оние кои дадоа кредити за финансирање на тие прилагодувања дека ќе ја водиме политиката што се очекува да ја водиме и дека со решавање на тој проблем ние паралелно ќе создадеме нови капацитети за да се вработат тие луѓе. Затоа одредија колку години тие ќе бидат технолошки вишок, ќе примаат додаток и т.н. и т.н. Ништо од тоа не успеавме. Ние успеавме да ги затвориме фирмите, но не успеавме, нашите влади не успеаа да создадат можност барем дел од тие луѓе да се вработат. Еве ги гледаме сега во една иронична ситуација, после 10 години и они слават заедно со нас добивање статус кандидат, штрајкуваат безнадежно, нема никакво решение за нив, тоа се луѓе во возраст кога не можат веќе да се вработат. Нема каде да се вработат. Но, такви неусогласености, такви несклади, такви кратки видувања на еден дах во овој Буџет фактички ве убедуваме дека вака ќе биде после овие мерки што ќе ги преземеме, ќе извисат 2.000, 5.000, 17.000 и т.н. но затоа ние тоа и тоа тогаш ќе го решиме, имаме трогодишен аранжман, со овој, со оној и од тоа после, луѓето на улица со безнадежна работа. Земете, еве сега зборуваме конкретно за оваа година.

Ние оваа година очекуваме зголемување 31% од извоз. 31% од извозот, за тоа е потребно навистина силна продукција извозно ориентирана. Една третина да е извозната способност на македонската економија. Не гледам ни една шанса да проработатат трите рудника за олово и цинк, да проработи Топилница. Не гледам шанса, не гледам што се прави, што ќе се реши. Оттаму навистина може да се добие 150.000.000 долари нов девизен прилив, нов извоз, но не гледам што ќе се преземе. Во документите што ги имавме овде изгледа и оваа година тие капацитети ќе си стојат, ќе си седат рударите, ќе гладуваат, нема ништо да се нарпави, ќе се бркаме ние овој со нечисти пари,оној со нечисти пари, а кој ги препозна чии се чистите пари и од каде се тие чисти пари. Фактички не гледам како тоа ќе се направи.

Еве друго. Наш најголем извозен комплекс е текстилот. Мислам дека оваа година ќе биде околу 6.000.000 долари извозот, мислам 2005 година. Таму најголем удел има Лонг работата. Тоа е фактички материјал кој се испраќа од таму, и модели, нашите само ги шијат и ги кројат овде по терковите што се дадени и ги испраќаат.

Материјалите што доаѓаат, текстилот што доаѓа не е наш, не е национален, национализиран. Тој се увезува. Сега за да се искамчи некоја пара тие подготвуваат некои одлуки кои им се веќе дадени на текстилците дека одредена категорија

материјали кои ќе влегуваат за Лон работа, кои ќе бидат со царина нула ќе подлежат на ДДВ. Луѓето не се свесни што значи тоа да им се направи на тие луѓе. Верувајте тоа ќе претставува голем удар на целото ниво на текстилот од текстилот. Како 31% ќе постигнеме ако се направи тоа.

Се надевам со интервенција на премиерот, кој покажува разум за ваквите работи, со другите веќе сум разговарал, не ги прифаќаат идеите и аргументите на текстилците. Затоа не е добро што овде нема повеќе претставници од Владата за да разберат, да сватат, затоа штоне само нема да извезат ни колку што сега извезле, а не да зголемат, туку ќе бидат принудени да отпуштат работници. Ќе отпуштаат од вработентие, па како ние ќе го решаваме после тоа  прашање. Тие работи мора добро да се проучат, добро да се простудира зошто на нас такви работи ни се случуваат. Зошто така да ни се случува? Зошто такви удари сами на себе си нанесуваме. Пругата ја правиме за Бугарија, нема шанса да проработи. 10 години стои, потрошени се 150.000.000, 150.000.000 да фрлите и да стои 10 години тоа е невозможно. Затоа треба некој да одговара. Кај нас никој не се прашува,  недодирливи се тие што тоа го сториле.

Потоа, земете, ние уште малку 8 години имаме гасовод направен. 8 години гасовод кој си стои неискористен. Не само што енергенски помалку можеме да трошиме и што не ги користиме контигентите кои ни се во договор со кој тие наши снабдители сакаат да помогнат на некој начин. Испуштена е и можноста да плаќаме и да извезуваме нешто за количините од гасот што ќе ги увезуваме. А и Скопје, Велес, Куманово се отрувме од мазут со 2 до 2,5% сумпур и смог. Во Скопје 12.000 тони годишно сумпур изгорува со горивото, со мазутот и со јагленот. Затоа кога ќе влезете од тунелот од кај Катланово наваму Скопје е како во некоја пареа утопено. Скопје е во некоја посебна магла и смог. Да ги исчистиме тие работи, здравјето ни зависи од тоа.

За вакви пропусти, за пропустите за кои зборувам, за пропустите што отиден е имотот во раце на луѓе кои не конституираат, не ги ефектуираат, не ги употребуваат парите за развој на државата и за решавање на нејзините развојни проблеми каде има и многу незаконитости во тие работи. Вкупно што одговараат сега пред судот се само Војо и Ламбе, кои ако ги земете имотно се исто како стечајците. Тоа е една иронија кај нас. Иронија е. И затоа сите овие работи треба да се расправат во државата, треба да се испратат сериозни предупредувања на сите што дошле до голем имот, затоа што тој има смисла само ако го употребува делотворно и да се развива земјата. Инаку, треба да се преземат други мерки. Доста некој ги покрива тие работи. Со тоа треба да престанеме. Како инаку надеж ние ќе имаме. Немојте да мислите дека од Европската унија нас со шака и капа ќе ни даваат пари. Ние кога се среќаваме тие ни кажуваат многу пари ваши граѓани, вакви такви, ги држат надвор. Што не ги приберете прво тие, зошто ние од нашите фондови да даваме. Тие работи мора да се расправат во државата. За тоа треба темелна расправа. Идната година нас ист ќе ни биде Буџетот, на ист начин ќе расправаме како сега, затоа што е изборна година. Ќе дојде нова влада, само тогаш контакт со Буџетот, што спремиле, што не спремиле и т.н. На овие работи ние сме должни да им посветиме сериозно внимание.

Сакам да укажам од принципиелни причини бидјеки секогаш кога укажуваме, постојано се вели оваа година вака, а после ќе видиме, ние за овој Буџет нема да гласаем. Благодарам.

**Гзим Острени:** Благодарам господине Андов.

Има збор господинот Илија Србиновски.

Повелете господине Србиновски.

**Илија Србиновски:** Благодарам господине претседателе, почитувани претставници на Влада, почитувани пратеници,

Трет ден се расправа за Буџетот за 2006 година, па и јас сакам нешто да кажам.

Донесувањето на годишниот Буџет на една држава е многу важен и битен момент во нејзиното функционирање. Од Буџетот зависи во голема мерка развојот или опаѓањето на одредени дејнсоти во државата. Тој претставува еден вид регулатор на општествените потреби и двигател на општествените сили. Средствата на Буџетот се собираат од народот и се наменуваат за општите потреби на народот и на државата.

Нашиот Буџет дами и господа е функционална рестрективен во одредени дејности, а тоа не претставува ништо освен враќање назад на овие дејности, наместо нивно приближување нанапред што би требало да е интенција на секое прогресивно општество.

Инаку, кога се зборува за Буџетот за 2006 година тој е скоро сличен или идентичен со Буџетот што го имавме минатата година, кога истиот министер за финансии не убедуваше дека тој со своите перфомаси и со начинот на реализација ќе ја стабилизира Република Македонија и ќе отвори развој. Но, сепак имаме дивергентни процеси, најголема невработеност, најголем трговски дефицит, зголемена надворешна задолженост на државата, огромни пробелми во земјоделието, зголемени даноци, една општа респективност кога се работи за странски инвестиции.

Се псотавува прашањето ако минатогодишниот Буџет  беше таков што е целта и идеата на оваа Влада да предложи по структура ист Буџет и воопшто да не покаже ниту еден инструмент, или како што се нарекуваат политики со кој ќе покаже дека има капацитет да води реформи и да ја извади земјата од длабоката економска криза.

Ние сме свесни дека со домашната кумулација не можеме да одиме напред и оттука се поставува прашањето како можеме да поттикнеме странски инвестиции. Се покажа дека оваа Влада е неспособна тоа да го направи. Скоро и да немаме

интерес на странците за нивно инвестирање во нашата земја зошто е тоа така.

Прв и основен проблем за ваквите држави е политичкиот проблем. Странските инвеститори не им веруваат на владите во ваквите држави затоа што не можат да обезбедат политички безбедносна состојба, не можат да обезбедат неутралност на државната администрација и не можат да обезбедат независност на судството. Тоа се основните причини на кои оваа Влада мора да посвети внимание доколку сака да има странски директни инвестиции.

Ова исто така значи дека основен двигател за развој на едно стопанство може да бидат само странските директни инвестиции. Оваа Влада со слабите реформи во државната администрација, во судството, јавно обелоденената корупција во повеќе случаи не овозможува интерес кај странските инвеститори да дојдат и да инвестираат во Република Македонија.

Зборувајќи по Предлогот на буџетот за 2006 година најголемиот дел од времето би сакал да посветам за делот кој што говори за земјоделството во Република Македонија. Ова е нормално затоа што земјоделството производство претставува најживотворна и највитална гранка на реално економскиот сектор во Република Македонија. Сето ова е поткрепено со податоци. Имено, 13,5% просек во изминатите 5 години учество во бруто општествениот производ, директни учесници во овој сектор како земјоделски домаќинства се 185.000 со 91.000 работоспособни лица односно 225.000 граѓани на Република Македонија, или повеќе од 11% од целокупната популација кои живеат од земјоделство. Над 20% учество на земјоделски прехранбени продукти во извозот на Република Македонија и уште голем број други бројки кои што говорат за круцијалното значење на овој сектор во стопанството на Република Македонија.

Вака поставениот Буџет не ветува развој со кој ќе се обезбеди поттикнување на развој на земјоделието и шумарството во следната година. Од вкупниот Буџет предвиден и предложен за 2006 година се забележува дека многу мал процент од истиот се одвојува за оваа стопанска дејнсот.

Сакам да напоменам дека земјоделието и шумарството како стопанска дејнсот во бруто домашниот производ учествува со околу 30%, за разлика од развиените земји и поголем број на земји кандидати за членки во Европската унија во периодот на кандидатурата одвојуваат двојно повеќе од бруто домашниот производ за овие стопански дејности. Како пример ќе го споменам Буџетот на Република Словенија кој што за 2005 година има предвидено 5% од својот Буџет за развој на земјоделието и што е многу важно со други пропратни стапки и со посебен општествен интерес за државата, која што со посебни програмски активности и развојни проекти сака да го постигне нивниот развој.  Таков пример се забележува со развојот на рибарството, пчеларството, искористувањето на преработката на ендемската флора, производството на еколошка, здравствена, исправна и безбедна храна и т.н. Таков е трендот, таков е и правецот на развој на овие области од земјоделието и шумарството поткрепени со многу добри законски, подзаконски акти, стопанска дејност и дава јасен правец во развојот.

Анализирајќи го нашиот Буџет не гледаме никаков правец на развој. Не гледаме поттикнување на развојот на она што веќе го имаме, како на пример искористувањето на шумите, а со тоа и развојот на дрвната индустрија на поттикнување на развојот на сточарството, овоштарството и т.н. Тоа се веќе развиени гранки во земјоделското производство и треба да им се даде одредена поддршка и нивно прилагодување кон современите текови на развој и приближување кон Европската унија.

Сакам да истакнам дека не гледам ниту пак враќање на поделени  култури, едноставно да ги наречам, заборавени култури кои што порано се одгледуваа на поголеми површини како на пример памукот, сусамот,леќата, просото, афионот и други кои во различни региони и подземја во Република Македонија доста добро успеваат, а сега веќе ги нема.

Напротив, тие култури ние ги заборавивме, но земјоделските стручњаци ги немаат заборавено и се подготвени за нивно одгледување доколку се донесе планска развојна политика и доколку јасно се дефинира нивниот откуп за заштитни цели. Напротив, сега тие производи од тие култури ние ги увезуваме најчесто од Иран, Ирак, Турција и други земји, бидејќи како што забележавме, Министерството за економија ја одржува тенденцијата за увоз на земјоделски производи и со своите блиски фирми покажува зголемена активност кога треба да се увезат. Се врши одлив на девизи, се преплавуваат пазарите со нив, страда домашното производство, нашите земјоделци не се зашитени и затоа, надворешно трговскиот дефицит достигна повеќе од една милијарда. Сакам да незаборавам еден важен момент по ова прашање кое последните години од владеењето на актуелната коалиција засилено се врши а тоа е увозот на свинско, пилешко и говедско месо со различни преработки. Наместо тие пари да се дадат на развој на домашните капацитети и натаму нашиот народ да јаде смрзнато месо со сомнителен квалитет увезено па дури и од Бразил. Таков беше и минатогодишниот буџет и односот кон севкупната распределба на средствата од Буџетот према земјоделието и шумарството, затоа настанаа овие појави и проблеми кои негативно се одразија на севкупното земјоделско производство со сите дејности што влегуваат во него. Така поставениот минатогодишен буџет на нас ни донесе нивите да не се изораат, да немаме развој во земјоделието, да немаме помош за земјоделците, да немаме организиран пласман во земјоделието, едноставно речено, населението кое што околу

50-60% живее и опстојува од земјоделието поради отсуството на аграрна политика и нејзината слаба поддршка од државата немаше мотив за работа. Буџетот од 2005 година земјоделските производи ги понижи. Постојано ги потценуваше без да им даде мотив за работа, без надеж дека ќе се подобри нешто во земјоделието. Едноставно речено, тоа беше пасивен буџет без никаква компонента за развој. Сега за 2006 година вие пак предлагате иста шема на буџет како и 2005 година, па така свесно директно или индиректно оваа важна стопанска гранка нема да забележи никаков пораст. Во самиот буџет зебележливо е дека за земјоделието се одоборува околу 2 милијарди и 900 т.ест. околу 2,5% меѓутоа не се ниту 2,5% бидејќи ако се земат поедини категории и ставки за развој и унапредување, тогаш ќе се забележи дека сумата на пари е минимална или издадена во проценти дека ќе биде нула.

Меѓутоа, ако се анализира оваа ставка, ќе се види дека тоа се пари кои што се даваат од буџетот и пак се враќаат во буџетот. Доминираат плати, придонеси, комунални услуги, ситен и крупен инвентар, е, сега ве прашувам, што корист има непосредниот производител од оваа определена сума. Не гледам ништо да се дава за поттикнување на развојот и определени гранки или определени директни или индиректни мерки со кои што може да заживее земјоделското производство.

Напротив ми е чудно, како тоа ќе го изведете со 15 милиони денари да се унапреди селото, руралниот развој и подобрување на животот во селските населби, тоа се формални бројки, тоа е формална програма која што нема да даде никаков ефект, бидејќи со толку малку пари може да се направи само земјоделска задруга. Затоа мислам дека во ваквите програмски активности немате реален поглед при конструирањето на буџетот и сакам да ви кажам однапред дека нема никаква развојна тенденција. Потполно е и нестручно и несмислено бројката каде што од севкупниот буџет се издвојува помалку од 1% за развој и унапредување на земјоделието, сума предвидена во ставките на Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство заедно со Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделието неосмислено е бидејќи се издвојува 50 пати поголема сума на пари за социјална помош наместо таа сума на пари да се вложи во развој и да се создадат услови за населението да може да има нормални услови за работа бидејќи тие и тоа го бараат од државата.

Од анализата извршена на овој буџет, не гледам никаде ставка за предлог мерки и програмски активности со кои што нашето земјоделско производство ќе биде адаптирано кон современите текови на европското земјоделие. Мислам дека министерката Шекеринска во своите напори и залагања не е само да кажува туку и треба со факти со конкретни програми да придонесе кон оваа тенденција. Со самата кандидатура и кандидатскиот статус и очекуваме на почетокот на преговорите за влез во Европската унија предвидената сума на пари е сосема мала. Имено, со ваквиот буџет не е возможно во текот на 2006 година да се пратат европските закони, стандарди и нормативи во областа на земјоделието со што би било овозможено за побрзо прилагодување на нашето земјоделие кон заедничка земјоделска аграрна политика.

Сосема е долга постапката со преструктуирање на земјоделското производство и треба многу напори, а кои што бара добра законска основа, вложување на многу пари и права, ориентација на дејствување во сите сегменти. Бидејќи од овој буџет јас не гледам ниедна ставка за приближување на земјоделието и шумарството кон Европската унија, тогаш вашите изјави и тенденции се празни и претставуваат само задолжување на народот. Оваа стопанска гранка бара голема инвестиција а напротив, не бара декларативно залагање. Во самиот наш буџет не гледам ставка на агро-маркетинг на земјоделските производи а на некој начин сте ја заборавиле и агро-берзата, знаејќи дека најголемиот проблем во земјоделскто производство е токму пласманот на земјоделските производи а вие не сте ставиле ниту една ставка за афирмација на странскиот пазар на свежи производи но и нивните преработки. Во описот на поедини ставки никаде не забележав развој и унапредување на рибниот фонд за кој што во услови за Македонија има исклучителни можности за развој и запослување на населението, бидејќи моментално во Македонија околлу 80% од потрошувачката на риба отпаѓа на смрзната увезена риба, а 20% на свежа риба. Тоа е лош показател, а во овој буџет не може да се подобри, бидејќи не е предвиден ниту еден денар.

Не е забележана ставка за регистрација и сертификација на Енденската флора со која што Македонија може да се пофали и да ги освои странските пазари. Запоставено е пчеларството и други гранки од земјоделството, кои можат да дадат еколошки здрава суровина барана на странскиот пазар и доходовна по однос на прилив на девизи.

Сакам да ви кажам дека предложените ставки во опис на буџетот предвидени и предложени за 2006 година во однос на земјоделството, шумарството и водостопанството не нудат развој, туку обично статус кво. Овој буџет вака поставен може оваа важна стопанска гранка само да ја врати назад, без да даде можност за напредок и без да даде резултат во одредени реформи, кои што евентуално површно би се започнале, но без никаков успех. Сакам да кажам дека овој буџет за 2006 година ме потсетува на копија на буџетот од 2005 година. Па, оттука, ако направиме некои споредби во изминатиот период на пазарно стопанисување, земјоделско прехранбениот сектор се карактеризира со пад на производството, пораст на задолженоста, технолошко заостанување, влошување на

билансот на трговската размена и неликвидност.Високите екстермни трошоци на производство, нефлексибилната даночна политика, хроничниот недостиг на ефтин капитал, укинатата буџетска поддршка се главни причини за падот на производството, ниската граница на самоподмирување на домашните потреби и високите цени на земјоделските прехранбени продукти.

Вклучувањето на пазарот на земјоделските производи беше ограчуван од нелојална конкуренција, а недостигот на легислативата предизвика услови на непостоење на и социјална рамка која би ја зајакнала улогата на производните субјекти на пазарот. Спротивно на проширувањето на пазарот, извозот перманентно се намалуваше, а увозот бележеше пораст што резултираше со се поголем билансен дефицит во надворешно трговската размена со земјоделско прехранбени производи од билансниот суфицит во 1996 година до 2005 година достигнуваше дефицит некаде од 111 милиони долари. Напуштањето на ценовната поддршка во 1997 година, за разлика од другите земји услови нелојална конкуренција од увозното субвенционирање и производство, отсуство на други мерки, како супституција на укинатите субвенции, услови продлабочување на дефицитот од година во година. Насочувањето кон поволните кредити, сепак, во отсуство на профитабилен пазарен амбиент, не даде ефекти во преструктуирањето на домашното прозводство.

На планот на заштитата со одделни несоодветни ставки директно се влијаеше на намалувањето на производството. На пример, царината на белиот шеќер, пивскиот слад, месото за обработка, овошните каши, наспроти безцаринскиот увоз на готовите производи од истите ги чини понеконкурентни и ги става во нерамноправни услови на стопанисување на домашните производители. Истиснувањето од домашниот пазар на домашните производители под притисок на субвенционираното увозно производство, исто така го зголеми трговскиот дефицит, што условува затворени преработувачки капацитети, затоа што увозот е поисплатлив на микро план.

Ако се потсетиме на некои системски мерки, на пример, во некои земји во Европската унија како тоа го чинат за пченицата, за тутунот, лозарството и други, ќе видиме големи зајакнати работи, затоа што во рамките на заедничката земјоделска политика, со цел да ја зголеми конкурентноста на нивните земјоделски производи, преку доближување на цените кон светските цени, мерките ги насочи кон натамошно намалување на цените, разликата во приходот се компензира како директна помош на примарните производители. Всушност, од ценовна ЕУ примени директна поддршка на земјоделските производители, буџетските средства на ЕУ за заедничка земјоделска политика се над 45 милијарди евра. На пример, земјите од поблискиот регион, за разлика од нас континуирано ги применуваат субвенциите, со тенденција на перманентно зголемување во целост ги имплементира системските правила и мерки како во ЕУ средствата за таа цел некаде од 2004 до 2005 година да изнесуваат некаде, да речеме во Македонија тоа се 8 милиони евра, во Словенија 150, во Хрватска 254 милиони, во Србија и Црна Гора 138, во Бугарија 145 милиони евра. Значи, доколку наведените неповратни средства наменети за субвенции во земјоделскиот прехранбен сектор ги стави во однос на земјоделската површина, тогаш во 2005 година наведените земји го поттикнуваат своето земјоделско произвдство повеќе од Македонија, на пример да речеме, за 10 пати или за 20 пати и т.н.

Со каков третман се оди во ЕУ на пченицата, производството на пченица како се одвива и тоа на околу 14 милиони хектари, со еден просечен приход од 6.600 килограми по хектар, соочувајќи се со над 50 илјади тони преодни залихи, но со системски мерки, производството го стабилизира на 105 милиони тони , со тенденција на натамошно намалување. Мерките се преземаат во две насоки.

Мерки за организирано производство и мерки за организирање на пазарот на житарици и тоа се донесува интервентна или загарантирана цена која изнесува 101 евро за тон или некаде 6,2 за еден килограм. Но, директна помош на производителот изнесува 62 евра по тон т.ест. 3,8 денари на заштита. Намалувањето на производството го постигнува со плаќање по површина, производителите за да ја користат директната помош, плаќање на површина услов е да замрзнат, а да не користат 10% од земјата за користење. Но, како надомест на изгубениот приход добиваат иста помош како за површините засеани со житарици. На пример, Хрватска производството на пченица го поддржува со 220 евра по хектар со минимално поддржана површина од 3 хектари за еколошко произведена плус околу 400 евра по хектар. Србија и Црна Гора го поддржува производството на пченица преку регрес на горивото, по литар за гориво кое се користи од земјоделските производители за ораници, овоштарници, лозја и т.н. во количина од 30 литри по хектар. Регрес на минерални ѓубрива, стоковните резерви вршат снабдување со азотни ѓубрива и исто така го наплаќаат со откуп на пченица по 8 денари за килограм. На пример, Бугарија произведува изнесување, регресирање на трошоците и тоа регрес на минерално ѓубре од по 1,5 евра за по декар или регрес на дизел гориво по 1 евро. Или регрес за купување на производство на семе за сеидба од 2 евра или за 1 хектар на пример ако е 20 евра, ако употребиме 300 килограми по хектар за семенски материјал, некаде со 1500 денари што значи тоа е половина регресирање ако чини 3 илјади денари за еден хектар семенски материјал.

Лозарството по агресивна конкуренција на светскиот пазар за вино и високите преодни

залихи ЕУ спроведе реформи во лозаровинарскиот сектор во рамките на агендата 2000 преку наведените 2000 мерки. Ограничување на производниот потенцијал преку забрана на подигање на нови лозови насади до 30.07.2010 година, освен кога се работи за право на нови насади дадени во висина од 2% од постојната површина, право на повторно садење или право на подигање насад од резерва. За напуштање на лозови насади се дава премија чиј износ е утврден од државите членки. Помош за реструктуирање на лозовите насади со цел да го прилагоди производството со побарувачката на пазарот, финансиското учество на заедницата во овие трошоци достигнува 50% од вкупните трошоци. Значи, мерките во делот на пазарот се однесуваат на финансиска помош на приватно складирање, финансиска помош за дестилација на виното со цел урамнотежување на пазарните агрегати. На пример, Хрватска подигањето на насади го поттикнува со 3800 евра, Бугарија некаде 75 евра по декар, Србија и Црна Гора исто така некаде околу 232 евра.

Во врска со овошјето и зеленчукот во ЕУ производителите добиваат 1,8 милијарди евра или 3,4 од вкупниот буџет на земјоделската заедничка политика за 2005 година. Помошта се состои од директна поддршка врз основа на површина од 121 евро по хектар годишно, а земјите членки можат дополнително да си доделат ваква помош.

Да кажеме нешто дел и за тутунот. Бидејќи, и тутунот како стратешка култура во Република Македонија е ставена на маргините и знаеме колку земјоделци живеат од таа култура, но, ако кажеме дека, тргнувајќи од фактот дека светското производство и прометот во тутунската индустрија е концентриран во 4 или 5 светски компани, кои ги креираат пазарните услови, истиот треба да се датира на светско ниво. Затоа, ако кажеме дека во САД како го промовираат една кампања против пушењето, САД според проекцијата до 2010 година производството на тутун ќе се намалува, а од вкупната цена и ценовната поддршка ќе бележи зголемување. ЕУ производството на тутун го ограничува преку воспоставениот режим на квоти на производство за секоја членка, а преку премиите го контролира производството и размената со сите тие трети земји. Да го стимулира производството на повисоко квалитетните тутуни, премијата во ЕУ се движи од 30 до 45% во цената на фармерот распределена директно на производителите и премиите се исплаќаат кога се исполнети барањата за квалитет и содржат фиксен дел еднаков за сите производители или променлив дел кој се определува на база на достигнатиот квалитет и се исплаќа на тутунопроизводителите по доказот за секоја доставена партија до одредено место.

ЕУ најавуваше целосно укинување на системските интервенции со новата реформа на пазарот на тутун и тутунски производи, но утврди дека е неопходно да се продолжи поддршката на производството на суров тутун во Заедницата, заради големиот број вработени и заради социјалната економска важност.

Значи, Европската унија дава поддршка и субвенции и на млекото. Ако би кажал дека со случувањата со високата продукција на млеко и млечни производи, како што ја нарекува планини путер и езера од млеко, низ системски мерки, пред се, преку системот на квоти, во последниве години успеа да го стабилизира производството на млеко на 114 милиони тони. За реализација на системските мерки троши 2,6 милијарди евра, од кои 1,4 милијарди за извозни рефондации и 1,2 милијарди евра за директни интервенции. Притоа, на пазарот на млеко и млечни производи се интервенира преку интервентен откуп, кој се применува само за путерот и млекото во прав. Интервентната цена на путерот е утврдена на 305 евра 100 кг. и 2004 - 2005 година за млекото во прав од 195 евра на 100 кг., или 2004-2005 година интервентните цени се намалени за 8% во однос на претходната 2003-2004 година, со цел зголемување на конкурентноста на домашниот и странскиот пазар со зацртаното натамошно намалување на истите.

Во овој контекст, како и согласно клучните цели на националната стратегија во европската интеграција, меѓу кои една од основните цели е да се зголеми меѓународната конкуренција на македонската економија. Значи, неопходно е прво да се донесе закон за земјоделието, како појдовен основен закон, со кој рационално ќе се одреди што се е потребно во земјоделството за оддржлив развој и соодветно преструктуирање на земјоделско прехранбениот сектор.

Со Буџетот на Република Македонија за 2006 година да се обезбедат финансиски средства, во вредност најмалку од 17 милиони евра за субвенции во земјоделството. Да се обезбедат средства кон регресирање на цената на репроматеријали, гориво, семе, минерални ѓубрива, добиточна храна и ред други работи.

На крајот да завршам, на секој од нас ни е јасно дека нема пари. Причините за немањето пари во државата, се повеќе тука се транзицијата во општеството, недомаќинското работење, јавно обелоденетиот криминал итн. Но вистинското прашање е како да се дојде до повеќе средства во Буџетот.

Како што моментално стојат работите, почитувани дами и господа, никако. Зошто никако? Затоа што изворите на Буџетот, а тоа е пред се, стопанството и вработените луѓе, моментално се наоѓаат во тотална летархија, дисхармонија, замреност и дестимулативност. Едноставно, сакам да кажам дека постојано со вака проектираните буџети, целта ни останува секогаш иста, но ние реално се оддалечуваме од неа. Па така, само декларативно се говори дека сме поблиску до НАТО и Европската унија, ама македонскиот народ се повеќе осиромашува. Се прават само празни политички концепции, без

никаква можност за нивно остварување во реалноста, а економскиот концепт што Република Македонија го избра и оваа година, спред мое длабоко убедување е едноставно промашен.

Од тие причини, нема да гласам за овој буџет.

Благодарам.

**Г'зим Острени:** Благодарам господине Србиновски.

Има збор претставникот на Владата.

**Максут Али:** Благодарам потпретседателе, нема да ви одземам време, само во настапот на пратеникот Србиновски, прво и прво јас ја разбирам загриженоста на пратеникот за земјоделството. Но кога се кажуваат некои бројки и податоци, треба да обрнеме малку поголемо внимание, зашто пратеникот рече дека во земјоделието најголем дел од предвидените средства ќе одат за плати и надоместоци. Навистина тоа не е вистина. Вистината е дека само 10% од предвидените средства ќе одат за плати и надоместоци. Затоа состојбата во земјоделието ни е позната на сите, а најмалку добива земјоделството со вакви настапи и најмалку добиваат луѓето што живеат од земјоделството. Благодарам.

**Г'зим Острени:** Повелете господине Србиновски.

Илија Србиновски: Господине потпретседателе јас со какви бројки кажав, тоа го кажав аргументирано, но аргументите се дека веќе поминаа три години од оваа Влада, но земјоделството не виде никаква корист, ниту регреси, ниту заштитни цени. И ден денес стои пченицата во амбарите на земјоделците и јас не знам дали навистина да го платите ова производство, па ниту кажавте ни во идниот буџет, со каква заштитна цена ќе влезете во Република Македонија на пример за земјоделството за тутунот не се кажува ништо за откупот, колку средства ќе има, колку ќе се плати. За сите земјоделски производи немате ништо кажано ниту досега, ниту отсега. Затоа реков дека за овој буџет нема да гласам.

**Г'зим Острени:** Благодарам господине Србиновски.

Има збор господинот Хисни Шакири:

**Хисни Шакири:** Господине потпретседател, почитувани господа пратеници и претставник на Министерството за финансии, или од Владата, како и да е. Бидејќи пред нас е Буџетот на дневен ред, тоа е прашање за кое што мислам дека е многу значајно и би сакал да слушнам забелешки кои што навистина се засновани врз професионален аспект, бидејќи тоа е многу чувствително прашање. Кога го велам тоа, можеме да го разбереме со самиот факт што ние досега секоја година, било пред завршувањето на годината, или пред почетокот на Новата година сме донесувале буџет и тоа никогаш не отсуствувало, меѓутоа, за жал постои една вистина која треба да ја знаеме сите ние дека во Македонија работите веќе 15 години, имајќи ја за основа 1991 година, и 2005 година, работите не се движеле. Ова е реалност со која треба да се согласиме сите. Никогаш не недостасувале идеи, мислења и да кажам барем во Парламентот, дури во институциите на оваа држава, дури и Владата која што е би рекол многу одговорна, што се однесува на развојната политика, меѓутоа, и по другите кругови дека треба да се направи ова или она и дека состојбата не ни е добра и тоа не дека некој го посакувал меѓутоа, ете оваа година ќе ја направиме оваа измена, следната другата меѓутоа, никогаш не сме стигнале да говориме барем ние со конкретни цифри и да ја проследиме да ја завршиме старата година со конкретни резултати и со една подобра состојба било во економскиот развој или од аспект на подобрување на социјалната состојба која што е жална. Подигнувањето на инфраструктурата и проблемите кои секој ден се повеќе натежнуваат, се повеќе и повеќе врз рамењата на граѓаните на Република Македонија. Јас бев во дилема дали да дискутирам или не, за ова прашање. Бидејќи ова прашање повторно, ќе кажам, бара професионалност и навистина е основниот столб да го наречам тоа така. Значи основниот столб на развојната политика на една држава. Меѓутоа кај нас се уште владее било во Парламентот, било кај самите политички партии кои што ја составуваат Владата, владее политика на еден застарен жаргон кој што жаргон порано сервирал документи само за донесување без претходна расправа. Пред да земам збор, еден пратеник ми кажа нешто вистинито. Ми кажа ние можеме да дискутираме, меѓутоа, состојбата нема да ја измениме. Тоа е реалност. Меѓутоа, зошто сега јас се претставувам како контраверзен, кога знам дека состојбата нема да се измени. Вистина е дека во Буџетот за 2006 година не можеме да ја измениме состојбата. Меѓутоа, има една вистина за која сите треба да се согласиме, можеби овие наши дискусии ќе послужат за 2007 година, бидејќи за 2007 година има некои параметри кои што се од нацрт буџетот, кои што се многу јасно запишани во нацрт буџетот. Сега дали е тука вистинското место за некој оптимизам дека може да се измени состојбата и која е основата за менување на состојбата на ова население, на овие граѓани.

Јас пред неколку дена бев на една средба со една група граѓани од Куманово. Луѓе со ограничени способности, кои што работеле, имале над 25 години работно искуство, меѓутоа не го исполниле другиот услов за старост и сега останале без право на искористување на помош и други прашања. Добиле одговор од Министерството за труд и социјална политика и во тој одговор многу јасно било кажано дека тие немаат право да го добијат тоа право што го бараат, а одговорот бил заснован врз постоечкиот закон. Сега ми се чини дека ова не води кон нешто друго. Ние имаме категорија на граѓани кои што се во опасност и секој ден тие се повеќе се во опасност. А Буџетот, во оваа насока предвидува многу малку подобрување на оваа состојба. Зборувам за таа категорија на луѓе кои што се

социјална категорија, кои што катадневно се соочуваат со тешки животни проблеми. Меѓутоа, јас тука гледам и тоа е тоа што ме натера да излезам и да земам збор, кога во Буџетот е запишано дека во развоен аспект се запишуваат приходи, бруто домашни приходи, кои што се многу позитивни и тоа во Буџетот го има за 2006 година, меѓутоа, имајќи ја за основа развојната политика од 2003 година до 2006 година, посебно за 2006 година е одвоено од страна на предлагачот на Буџетот и тој таму предвидува 4,3% ставка за здравството и 2003 - 2006 година плус овие 4% значи нивото на македонската економија оди до 14%. Значи 14,1%. Ова е исклучително добар развој и тоа е за поздравување, доколку ја земеме предвид и за основа оваа бројка или овој процент. Од друга страна говориме за намалување на стандардот, пораст на стапката на невработеност, тогаш или ние не сме во ред, или работите не ги познаваме, или постои нешто друго, што ние само губиме време и трошиме одредени моменти непотребно енергија, пласирајќи идеи и мислења, кои што немаат во реалноста основа. Затоа што ова бара би рекол, професионална анализа. Јас тука гледам и нешто друго. Иако јас верувам на оваа бројка и овој процент, дека тоа може да биде реално без сомнение. Меѓутоа, зошто работите се случуваат наопаку. Се случува спротивното. Тоа што секој ден го говориме, корекцијата, се тоа тука нагризува и оди во џебот на некој друг меѓутоа, никогаш во џебот на оној кој што е социјална категорија, на оној што е без работа, на оној што е граѓанин, кој што секојдневно ја чувствува сиромаштијата, секојдневно има проблеми, секојдневно го следат ситуации со што уште повеќе го загрозуваат неговиот живот, неговото семејство, неговото место во општеството. Значи, тука можеме да најдеме нешто, што е многу точно, дека некогаш често пати прашањето кое е во однос на корупцијата, дали е тоа реалност или не. Според овој процент, ако е тоа точно, веруваме дека е точно бидејќи постои во Буџетот, а всушност основна пречка била таа друга појава, која што често пати ја дискутираме.

Друго прашање кое што ме принуди да излезам и да земам збор во Македонија има толку движење што се однесува во областа на вработувањето. Не говорам за 2003-2006 година туку говорам за 2005 година. Значи има толку големо приближување во однос на вработувањето што доколку одиме со овие трендови би рекол дека можеби месеци ќе ни бидат потребни во 2006 година, ние да го решиме проблемот што се однесува на прашањето на невработеноста. Значи, не цела 2006 година, туку ќе бидат во прашање само месеци, ова прашање да го решиме, затоа што тука една бројка говори многу јасно. Тоа е во месец септември имало толку позитивно движење во насока на вработувањата. Значи бројката е околу 18494 вработени. Доколку овој тренд продолжи, би повторил повторно. Знаете, потребно е само месеци, а не цела 2006 година. И тоа што кај мене се појавува како дилема, колку ќе биде одржлив овој буџет со овие параметри, за да се соочиме со реформите кои што ние од Европската унија имаме забелешка дека законите што сега се донесени немаат практична примена и спроведување. Сето тоа е како резултат на немање на финансии и недостаток од кредити и разни донации за инвестирање и за подобрување и намалување на оваа состојба, бидејќи секоја реформа бара инвестиција. И кај нас тие недостасувале. Сега јас имам впечаток дека во овој правец, иако еднаш реков и повторно ќе кажам дека Буџетот е во состојба да се соочи со реформите, меѓутоа, моето мислење е дека не. Според овие движења и параметри јас мислам дека ние сме напред. Многу напред. Ние сме земја која треба да служи како модел можеби и на државите од Европската унија кои што имаат ниво на развој, кои што е за децении секогаш во пораст.

Друго прашање кое што е многу значајно и кое што треба да го имаме предвид, бидејќи често пати, јас го слушнав предходниот говорник кој што навлезе во детали и за некои прашања кои ги начна се многу осетливи и тоа е за поздравување, бидејќи тоа се материјали кои што треба да се искористат и ако не ги менуваат параметрите на овој буџет, сумата на пари е таа што е и не се менува, меѓутоа, имам впечаток дека еден ден ќе дојде време и овие дискусии колку и да се напразни на почетокот, ќе си го добијат своето заслужено место и ќе има влијание.

Мене ме интересираат други прашања што се засноваат и имаат оправдание за тоа, за таа поддршка и за тоа ниво на развој. Тука е тутунската индустрија, индустријата во целина, земјоделските производи, сите прашања.

Меѓутоа, ќе ве замолам, земјоделството ни е во жалосна состојба. Сведоци сме за тоа. Не знам како секоја година, а тоа го кажувам јасно, се повредува, се гази најправичниот интерес на земјоделскиот производител. Со самиот факт што по некогаш нема можност да се интервенира со нешто да се помогне, за тој производ барем да можеш со него да ги платиш трошоците. Тоа се прашања што се основни, за тоа што сме го оставиле назад.

Кога ја спомнувам тутунската индустрија, таа е во катастрофална состојба. Дали знаете колку комбинати не работат? Мислиме дека реформите, до сега не сме имале развојна политика, таа развојна политика треба да има основ во Буџетот. Затоа јас знам дека ние не можеме да земеме пари од него и знам дека не може да ни дојде нешто, не знам како да го опишам тоа, да ни дојде како подарок. Ние треба со наши сили, со тоа што го имаме како наш капацитет и со стручњаците, експертите што ги имаме, иако сум убеден дека ги имаме доста, економисти и други, меѓутоа не им е даден простор да се претставаат со проекти и конкретни програми за оваа земја да ја извадат од ситуацијата и состојбата во која што е.

ќе кажам дека ќе продолжи да биде, со сите манипулации што ги имаме, ќе биде во уште потешка состојба.

Сега, за основа се зема тутунскиот производ, ја знаеме состојбата во Куманово, загрозен е и Прилеп. Тоа се сите оние делови каде има тутунопроизводство, култура што придонесувала во најкритичните моменти и оваа земја ја извадила од можеби поголема криза Меѓутоа, никој не се интересира за тоа. Се занимаваат со прашања дека овој го прави ова, оној го прави она.

Ова е најеклатантно кај реформите што ќе следат водругите сегменти. Мислам дека, доколку не преземеме мерки, конкретни и не излеземе со идеи и проекти, одредени програми, тука има програми што се набројуваат, ќе беше многу добро да бидат дел од реализацијата на спроведувањето на Буџетот за 2006 година. Меѓутоа, малку верувам во тоа и скептичен сум.

Мислам дека, доколку работите ги земеме на декларативен начин, нас ова ќе не чини многу и ние сме одговорни, во прв ред, пред сите граѓани, дека тука е сето она што може да биде светло и мрак. Ако го нарекуваме светло, тоа што сите го сакаме, тогаш ќе биде светло за сите нас. Меѓутоа, доколку ние бидеме оние кои не правиме барем нешто за да се отстани тоа што досега било мрак, посебно во овие димензии, тогаш да ви кажам право, тоа што го рече пратеникот ќе биде разбирливо. Значи, рече, нема потреба да се дискутира, затоа што нема ништо да се промени.

Повторно ќе кажам, знам дека не можеме да ја измениме заради тоа состојбата, но можеби за во иднина ќе служи за нешто друго и можеби ќе има суигестии за кои што некој посилен и по подготвен и позаинтересиран ќе сака да ја помогне оваа држава, да излезе од оваа тешка економска состојба со овие социјални проблеми и со многу други, бидејки секое тежнение, што е желба на сите грѓани, тежнение да се движиме што побрзо во насока на евроинтеграцијата, сето тоа е попусто докулку ние не забележиме позитивни резултати во економскиот развој.

Колку и да чекаме, можеби можат да ни кажат 2007 година, што е хипотетички, на пример 2007 година да биде година кога ќе биде земјата со рамноправен статус со Европска унија доколку не ги придвижиме овие прашања, знајте дека тоа никогаш нема а се случи. Нема а се случи ниту во 2015, ниту во 2020 година. Затоа, доколку одиме со позитивни трендови во економнски развој, доколку се посветиме на она што е развојна политика на Македонија, да го наречам традиционална, а кога велам традиционална мислам на враќање кон земјоделството, туризмот и други прашања, тогаш јас сум голем оптимист и ќе направиме позитивни движења.

Друго прашање за кое што сакам да ја потсетам Владата и партнерите во коалицијата, јас сум бил заинтересиран што се однесува до прашањата на инфраструктурата. Исто и за интервенирање во кризните зони, во зоните опфатени со конфликтот од 2001 година. Бидејќи доаѓам токму од тие области знаеме, бидејќи Македонија е толкава колкава што е, сите знаеме, а јас ќе ви кажам дека секој ден поминувам таму. Сеуште ми се случува, од еден историски факт, кога вандалите ќе го уништат Рим и во знак на беда го прават тоа што го прават, фрлаат сол да тоа место остане пусто засекогаш. Тоа е дејство што припаѓа на античкото време, но сега да ви кажам сета таа област изгледа како Рим. Ме потсетува на Рим. Јас не го знам Рим, но според историските факти што сум ги прочитал, тоа ме потсетува на Рим што го уништиле вандалите.

Но, ништо друго не ме изненадило колку тоа што од редовите на ДУИ, сите пратеници тука, па и самата раководна структура на ДУИ не знае, бидејќи тие не доаѓаат од зоните на кризата, не доаѓаат од областите опфатени во конфликтот. Тие таму не доаѓаат. Ова нека го знае секој граѓанин на Република Македонија, нека знаат сите Албанци. Како конкретенпример ќе го опишам Матејче. Кога влегувам во Матејче ми изгледа центарот на Матејче како место каде што нема перспектива за живеење. Тоа е голема штета. Или, ако се оди во Слупчане, каде што, ете, вчера ми јавија, 25 оштетени куќи од војната, уништени комплетно, не е интервенирано, иако можеби имало инветиции, имало донации, имало нешто, меѓутоа таму ништо не е преземено. Каде отишле парите, но за нивната судбина никој не се интересира.

Господата од ДУИ, иако и јас сум бил со нив до вчера, свесно сум влегол во ДУИ, бидејќи доаѓам од кризна зона за да и помогнам на таа зона, тоа може да се постигне, да се реализира, не со некои каприци или тенденции, туку само кога си во Парламентарна група, кога си во Владата и кога можеш да и помогнеш на таа област. Меѓутоа, само за да дојдеш да бидеш пратеник самиот за себе, видов дека е тоа многу тешко.

Не се соочуваме со тоа. Јас не знам зошто во оваа насока не се предвидуваат средства, бидејќи тие се дел од Македонија, ќе се допрам и до тоа, до делот што е најзначаен и често пати не сме сакале да го разбереме тоа. Посебно е болен конфликтот од 2001 година. Меѓутоа, јас сум дошол до еден заклучок што треба да го разбереме дека 2001 година отворила период, нов период за Македонија, период што претставува перспектива. И, денеска, кога сме веќе со статус можен кандидат во Европска унија, тоа е заслуга на 2001 година. Сите за тоа со полна уста говориме. Рамковен договор, има движење, меѓутоа, има семејства кои тешко ја почувствуваат, од двете страни. Сега да не зборувам само за Липково, бидејќи е опфатена и Шара, а има и други делови. На пример дел од Македонското население што ги има изгубено блиските, меѓутоа ние не можеме ништо да постигнеме доколку само ги кажуваме, само ги спомнуваме со зборови во дебата. Меѓутоа, кога ќе се стане во функција на тоа што е многу

суштествено, јас тоа така го ценам самиот, а суштествено е да инвестираме во оние зони што се оштетени од конфликтот во 2001 година, дека некој направил кариера и дошол пратеник, удирајќи се во гради во име на 2001 година.

Никој нема политичка прорграма. Но, го имаме Рамковниот договор. Се повикуваме на Рамковниот договор. А, што е направено после Рамковниот договор, што е направено во критичните региони, исто и многу други прашања што не принудуваат да мислиме до кога ќе одиме со политичка пропаганда што, колку и да е, без некаква тенденција да го земеме тоа, но во одредени моменти предизвикува незадоволство.

(Со седницата продолжи да раководи претседателот на Собранието на Република Македонија Љупчо Јордановски).

**Љупчо Јордановски:** Би ве замолил, ако зборувате за проблемите на Матејче, тогаш реферирајте на Влада, а не на специфични учесници во таа коалиција, бидејќи сепак сите сме учесници. Владата е одговорна за сето она што се случува во државата.

Ве молам, малку да зборуваме и за Буџетот. Јас имам правила на дигресии и јас сега дојдов, сфатив дека вие сепак сте користеле дигресија. Ве молам.

**Исни Шаќири:** Благодарам на сугестијата. Меѓутоа, мислам дека сето ова што го дискутираме е дел од Буџетот и ја имам предвид развојната политика, а дел од развојната политика е и инфраструктурата, а дел од инфраструктурата е и тоа што се бара интервенција во кризните региони. Ние не можеме до крај да ги оставиме тие зони така. Поминаа четиригодини, па затоа го нагласувам.

Ете, се извинувам, можеби малку претерав, меѓутоа, јас, токму причината да се занимавам со ова прашање го гледам од тој аспект. Уште еднаш ќе кажам, сите, денеска и утре и понатаму ќе треба да направат се што е можно за животот да им биде колку што е можно подобар. А, да им биде животот поубав треба да бидат транспарентни и да ги засегнеме прашањата што се во моментов најпогодени.

На крајот, бидејќи забелешката што ја даде претседателот да бидеме рационални, ќе ја завршам со една констатација за што мислам дека во овој момент не може да се измени состојбата, но би рекол дека секогаш треба да бидеме во функција на она што е прагматично и што е многу блиско до граѓаните. Меѓутоа, да биде блиска до категоријата луѓе што се најоштетени, најзасегнати во сите овие процеси, бидејќи нивниот глас не може поинаку да се издигне освен преку пратениците сега.

Гледам дека не можеме да ја измениме состојбата за една ноќ, ниту пак овој буџет може да биде основа што ќе го може тоа. Но, може да даде надеж за генерациите, за 2006 година, дека можеби ќе биде могу подобра финансиска компонента во насока на економскиот развој и подобрување насоцијалната состојба.

Меѓутоа, уште еднаш ќе кажам. Работите вака не одат.

Ви благодарам. Можеби ви одземав малку повеќе време, но сепак сето тоа беше не со цел да се прави пропаганда, бидејќи не е момент да се прави пропаганда со Буџетот, туку да ја претставиме состојбата онаква каква што е реална, а не само со нашиот збор.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Шаќири.

Господине Краљевски барате збор? Повелете.

**Чедомир Краљевски:** Благодарам претседателе на дадениот збор.

Но, пред да кажам нешто во врска со Буџетот за 2006 година на Република Македонија, би сакал да изразам жалење што поголемиот број пратеници од Парламентарното мнозинство не присуствува на денешнава седница, најверојатно иницирани од одлуката на претседателот на Собранието денешнава расправа за Буџетот да ја продолжи по обраќањето на претседателот Бранко Црвенковски. Меѓутоа, се сомневам дека постои еквивалент помеѓу, евентуално, повредената суеата на претседателот Бранко Црвенковски и интересите на граѓаните на Република Македонија, длабоко инкорпорирани.

**Љупчо Јордановски:** Господине Краљевски ќе ви го одземам зборот. Не морате да интерпретирате тоа што се случува. Има конференција за печат, тоа ќе си го кажете таму.

**Чедомир Краљевски:** Да си ја довршам реченицата.

Значи, се сомневам дека постои еквивалент помеѓу . . .

**Љупчо Јордановски:** Рипнете го тоа еквивалент, поминете директно на говорот за Буџетот.

**Чедомир Краљевски:** Помеѓу повредената суета, евентуално повредената суета на претседателот Бранко Црвенковски. . .

**Љупчо Јордановски:** Немојте да претпоставувате. Можеби не е вистина, ве молам.

**Чедомир Краљевски: . . .** и интересите на граѓаните на Република Македонија што се тангираат, односно кои интереси се инкорпорирани во денешнава расправа на Буџетот. Толку.

**Љупчо Јордановски:** Толку ама многу.

**Чедомир Краљевски:** Почитувани пратеници,

Државата, институциите на државата постојат заради граѓаните кои своето општествено живеење го организирале во таа држава. За услугите што ги добиваат од страна на институциите на државата тие и плаќаат на таа држава. Покасно собраните пари од граѓаните преку Буџетот се распоредуваат на соодветен начин и од тие пари треба да се покријат сите

трошоци што државните институции ќе им ги пружат во форма на услуги на своите граѓани.

Буџетот има и друга функција односно преку финансирање на општо корисни работи да придвижи дел од економските ресурси во државата што понатака би значело активирање на одредени индустриски гранки се во функција на зголемувањето на бруто домашниот производ.

Каква е сликата денеска во Македонија? Македонија е земја која претендира за полноправен член во Европската унија и во НАТО алијансата, Македонија е земја на крајот на транзицијата која трае веќе 15 години, Македонија е земја на близу 400 илјади невработени лица и Македонија е земја на 600 илјади сиромашни лица.

Пред два дена министерот за финансии го презентираше Буџетот пред пратениците во ова Собрание и пред целокупната македонска јавност не повеќе различно и од претходните години, при што истиот се обиде преку одредени показатели, бројки и аргументи да не увери дека во Македонија сепак не е толку лошо и дека според проекциите на Буџетот во наредната 2006 година ќе биде уште подобро. Меѓутоа, за ваквиот оптимистички настап на министерот за финансии имам резерви бидејќи базата на податоци кои се појдовен елемент за сите математички операции што се користат при изготвување на Буџетот се црпени од Републичкиот завод за статистика, а сите сме свесни дека ова државна институција неколку пати досега и за многу сериозни прашања, како што се пописот на жителите во земјата и други показатели за кои е должна според законот веродостојно да ги прикажува, истата институција со разни манипулации во методологијата на прибирањето на податоци или во начинот на обработката на тие податоци успеала да ја обмани целокупната македонска јавност и институциите кои ги користат нејзините услуги.

Втор демант на ваквата оптимистичка слика за севкупниот живот во Македонија што ни го презентираше министерот преку експозето за Буџетот, е реалната слика за животот во Македонија, бидејќи ниту јас можев да го разберам оптимизмот на министерот, а камоли близу 400 илјади невработени и 600 илјади сиромашни лица - граѓани во Македонија.

Можам да разберам дека фискалната односно буџетската политика е само еден сегмент од вкупната макроекономска политика која во Република Македонија треба да има изразена развојна компонента и притоа Буџетот како составен дел на таа макроекономска политика може да придонесе кон сеопштиот развој.

Едно експертско мислење говори на пример дека е потребно да се одделуваат повеќе пари за плати и за социјални трансфери, така ќе растела потрошувачката во економијата,. значи, парите што се дадени за администрацијата во државата не значи дека се пропаднати, односно преку нивното трошење ќе се покрене производството во одредени стопански гранки. Значи, проблемот во Македонија не се платите на администрацијата и социјалните трансфери туку главен и основен проблем е нискиот бруто домашен производ. И во другите земји во транзиција вкупните јавни расходи во Буџетот се движат некаде околу 30% од бруто домашниот производ, што е случај и кај нас, меѓутоа, 30% од 4 милијарди долари колку што БДП кај нас и 30% од 8 милијарди долари колку што е кај некои други земји, не е исто, што значи вкупната потрошувачка во економијата на една држава зависи од големината на бруто домашниот производ.

Говорот на министерот беше во стилот - ќе расте бруто домашниот производ, ќе се зголемува извозот, ќе се зајакне даночната дисциплина, ќе се намалела стапката на невработеност, ќе расте индустриското производство и така натаму се во тој стил. И сигурно пратениците, односно парламентарното мнозинство ќе го изгласа и овој буџет како и претходно претходните буџети. Меѓутоа почитувани пратеници, суштината на Буџетот не се само бројките и прогнозите за тоа колку треба да се троши и колку пари ќе се соберат од граѓаните.

Суштината на Буџетот не се математичките комбинации и пермутации на бројките и внесување дополнителни нејасностии преку употребените термини. За обичните граѓани термините макроекономска политика, фискална политика, јавен долг на Република Македонија, квалитет на институциите, структурни промени на македонската економија, одржлива стапка на раст, пораст на трошоците на живот, бруто домашен производ, фискална дисциплина, стапка на инфлација, невработеност, урамнотежена екстерна сметка, каматни стапки, тековна сметка на Република Македонија, јавен надворешен и домашен долг, државни хартии од вредност, реален сектор, трансфери, екстерна тековна сметка, девизни резерви, еврообврзници, референтни стапки, државни записи во Министерството за финансии, благајнички записи во Народна банка, пазарна работна сила, индиректни даноци, директни даноци, недискреционен карактер на расходите, капитални расходи, декомпресија на платите, централен буџет, основен буџет, буџет на самофинансирачки активности на буџетските корисници, буџети на заеми од странство, буџети на донации, развојна компонента на централниот буџет, капитални инвестиции, инфраструктурни проекти, развојни владини политики, трансфери во социјалните фондови, транзициони трошоци, капитални расходи, дефицит на јавниот сектор, долгорочни номинални каматни стапки, депозити на РМ во НБ и тн. итн...Граѓаните на Република Македонија, невработените, сиромашните, стечајците, оние кои што немаат ниту за леб, оние кои што немаат дрва за огрев, оние кои што не можат да ја платат струјата потрошена само за видело, односно сите оние кои горат од желба што побргу да се најдат во европското семејство, очекуваат од Владата, од власта од министрите,

од Буџетот, реалниот живот да им се подобри. Нив не ги интересира бројките и употребените термини, нив не ги интересира употребените фрази и оптимистички ветувања, нив ги интересира нивното црно секојдневие преку подоброто водење на државата да им стане макар од црно - сиво, а за возврат даваат поддршка и кон државата и кон институциите на системот за нејзините стратешки цели. За граѓаните на Република Македонија Буџетот не треба да претставува топ хартија на која се испреплетуваат цифри на приходна и расходна страна. За нив Буџетот треба да претставува надеж, реално подобрување на животот и остварување на нивните најминимални животни потреби. Буџетот треба да е исклучиво во функција на подобрување на животот на граѓаните, тој се носи за нив, тој не е цел сам за себе. Ако ова не е така тогаш нема потреба ниту од постоење на Буџет, ниту од постоење на институции, ниту од постоење на држава. Буџетот не се носи за вонземјани, Буџетот се носи за граѓаните на РМ и има единствена цел да го подобри животот и страндардот на граѓаните во Република Македонија, а на тој начин преку намалување на невработеноста или подобро кажано преку зголемување на вработеност, преку елиминирање на сиромаштијата Република Македонија да ја внесе во семејството на развиените европски држави.

Каков е понудениот Буџет за 2006 година?

Буџетот е неинвентивен со веќе видена плагијатна содржина и безразвојни компоненти. Со вака ниска стапка на економски раст, индустриско производство на државата ќе и требаат многу години да ги достигне стандардите во оние земји кон кои се стремиме, министерот ни презентираше одредени цифри во Буџетот з кои цифри и параметри сметам дека е потребно да се дискутира на некое експертско ниво. Мене лично не ми е струка економијата, меѓутоа, ако на мене ми е тешко да ги разберам некои позиции, параметри и цифри во Буџетот, верувајте дека за граѓаните и јавноста на Република Македонија за чие образовно ниво имавме прилика да слушнеме од излагањето на колегата Тито Петковски, верувајте е тотална нејаснотија. Би било упатно при изработката на Буџетот да се користи методологија која јасно би укажувала кои стапки и параметри се општо прифатени од економската наука споредбено гледано со развиените светски економии и истовремено да се презентира позицијата на Македонија, дали параметрите, показателите проектираните цифри се движат во границите на таквите светски позитивни примери или длабоко отстапуваат од нив. На тој начин многу појасно ќе ни биде на нас пратениците и на сите граѓани што ја следат оваа расправа, да ги сфатат овие економски параметри што се чинители на Буџетот, пластично кажано како што човек оди на анализа на крв и потоа од лабораторијата му даваат ливче кои се напишани границите на нормалните вредности и параметри и самиот може да ги прочита евентуалните отстапки од таквите нормални гранични вредности.

Овој предложен Буџет го окарактеризира многу мал буџетски дефицит што е карактеристика за несигурна и слаба влада која е неспособна за привлекување на домашни и странски инвестиции. Впрочем, секоја инвестиција по дефиниција подразбира и одредена стапка на ризик и јас ве уверувам дека никој од нас, односно од граѓаните на Република Македонија не отпочнал да прави куќа или некаков објект со сите стокмени пари однапред по градежната спецификација. Значи на Владата и треба и знаење и инвентивност и храброст да влезе во развојни инвестиции и во ход во процесот на реализацијата на инвестициите да најде дополнителни инвеститори кои ќе ги дополнат до потребното ниво почетните инвестициони средства. Меѓутоа, очигледно дека со вака проектираниот мал буџетски дефицит, оваа Влада на индиректен начин ја покажува сопствената неспособност и несигурност.

Што да се каже за Буџетот во гранката земјоделие. Земјоделието како стопанска гранка секако дека за Република Македонија е стратешка гранка од највисок ранг. Сите компаративни анализи кажуваат дека земјоделието е развојна перспектива на Македонија, производството на еколошка храна и раноградинарски култури и вино посебно и наместо да се даваат буџетски развојни стимулации на оваа стратешка гранка Буџетот во однос на минатата година е намален, односно рестриктивен. Критика на ваквата определба упати вчера и претставникот на Словенија во Комисијата за евроинтеграции на Словенечката влада. Воопшто, суштинските позиции во овој Буџет се препишани од претходниот буџет, а позициите каде што оваа власт може полесно да манипулира со средствата во Буџетот, се зголемени и како најеклатантен пример за ова е зголемувањето на издатоците за услуги што државата би ги платила по договорите за дело. Ваквата произволност во диспозиција на актуелната власт наведува на можност оваа власт да злоупотреби одредени средства плаќајќи одредени услуги по договор за дело кои средства би се прелејале од Буџетот односно од граѓаните во функција на предизборна кампања на актуелната власт, што секако се коси и со препораките и главниот услов што Европската унија го поставува кон Република Македонија, односно одредувањето на датумот за отпочнувањето на преговорите го врзува со организирање на фер и демократски парламентарни избори 2006 година.

Ваквиот став на Министерството за финансии да го одржува ниво на низок буџетски дефицит продуцира економијата во Република Македонија да тапка во место. Експертите укажуваат да се тргне посмело и полиберално, да се смени концепцијата и да се проектира поголем буџетски дефицит кој ќе биде во развојни цели. Притоа, за

да се зголеми потрошувачката како главен инструмент треба да се искористат кредитите, но кредити со пониски каматни стапки што значи парите да поефтинат. На тој начин ќе расте и инвестициската активност, а без раст на инвестициската активност нема растеж на бруто домашниот производ. Без растеж на бруто домашниот производ нема растеж на животниот стандард на населението. Конечно поголемиот животен стандард на населението значи и поголема потрошувачка во економијата, а сето тоа значи и поголем број работувања, но и поголемо производство побрз развој.

Овој Буџет, ова не го нуди, поради што истиот не можам позитивно да го поддржам. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓа Поповска не е тука.

Господине Кедев повелете.

Господине Кедев до 18,00 часот ќе завршите ли, или сега ќе почнете и ќе продолжите утре?

(Сашко Кедев - не, ќе зборувам подолго и затоа ќе останам за утре).

Господине Вејсели сакате ли вие сега да почнете да зборувате и ако не завршите да продолжите утре. (Да)

Повелете господине Вејсели.

**Абдулади Вејсели:** Благодарам господине претседател,

Почитувани пратеници, почитуван претставник на Влада,

Ние навистина денес имаме една многу значајна точка да разгледаме на оваа парламентарна седница, но изгледа дека, не знам што работи овој Парламент, дали носи црнина, или незнам каде се пратениците и за толку значајни прашања за граѓаните на Република Македонија не ни останува ништо друго, освен да постапуваме како што сме постапувале порано. Значи овој Парламент да биде само еден сервис на Владата и никако да спои предлози и да биде предлози во изградбата на Буџетот.

Имајќи ги во предвид и правејќи една споредба со другите држави каде се носат буџети, вие знаете дека од посебно значење му се дава посебно на Предлог-буџетот за идната година во разни парламентарни комисии и занимавајќи се, добивајќи го и мислењето на стручњаците по економија и разни стручњаци кои учествуваат во изготвувањето на Буџетот.

Знаете дека во Македонија се случува едно значајно прашање кое е едно планирање на приходите за една година, за 12 месеци, односно за 2006 година. Ние и овој пат изгледа како 14 претходни години на овие парламентарни фотељи и овој пат се настојува да се донесе еден буџет според тоа што го има изготвено Владата на Република Македонија. Доколку е така, тогаш јас не знам дека Буџетот се карактеризира како документ кој го носи Парламентот на Република Македонија. Тогаш подобро е да кажеме дека Буџетот кој го предлага Министерството за финансии, односно Владата до Парламентот, така треба да се прифати и никако не треба да се дадат забелешки, сугестии и дополнувања преку амандмани за да се изгради еден Буџет на Република Македонија кој секогаш ќе биде во функција на граѓаните на Република Македонија.

И сега, ние сме во една голема дилема, искушение, дали овој буџет е реален кој се отсликува пред нас како еден буџет на Републиката или е еден буџет кој е конципиран врз основа на податоците кои ги имаат формулирано самите службени лица на Владата.

Јас не видов во текот на овој период од кога излезе Буџетот во првата фаза во Парламентот или кога се предложи од страна на Владата, не видов ниту еден стручњак од економски прашања во Република Македонија да го пофали или да каже една реченица во полза на Буџетот. И сега, кој е тој кој го фали Буџетот, е само предлагачот и никој друг. Од никој друг нема поддршка овој буџет. Јас можам да кажам дека толку многу говореа стручњаците на разни трибини, организирани посебно од разни невладини организации, од стручњаци, каде претставниците на Владата не учествуваа, да го слушнат зборот на стручњаците, зборот на академици, зборот на опозицијата во целост во Република Македонија. Овој буџет помина во некоку комисии. И во матичната комисија и во други комисии. И никаде не се зеде во предвид зборот на пратениците од опозицијата. Дури сум имал многу случаи пратениците од опозицијата кои имале аргументи дека во неколку сегменти не се кажува реалноста, ниту не се оспорува од страна на претставниците на Министерството за финансии, ниту не се вели дека еве, вие имате право, но со реалната состојба во Република Македонија е оваа. Значи приходите се овие и затоа кога имаш еден буџет со овие приходи на Република Македонија, расходите се знае дека неможат да бидат поголеми, но никако, не признаваат дека овој буџет е направен без консултации од научните работници со стручњаци и по економија и други стручњаци кои треба да учествуваат во изготвувањето на еден буџет.

И, сега, не очекувајте од пратениците, јас како пратеник на овој Парламент да се занимавам со сите прашања, кога позади себе немам ниту една мала услуга за да се занимавам со изготвувањето на Буџетот. Додека во самата Влада и во Министерството за финансии каде се земени предлози, сугестии и од другите министерства и институции кои се финансираат од Буџетот и ние сега треба за една година и за една ноќ, преку еден амандман да го измениме Буџетот. Ова нема да се направи бидејќи не е направено и во минатите години.

Јас не знам колку се консултирани сите релевантни институции, јас не знам колку се земени предвид предлозите од многу други институции, но свесен сум дека Владата и овој пат постапува како и во изминатите години. Сега ќе поставам едно прашање. По осамостојувањето

на Република Македонија од 1991 година, во овој Парламент од 1994 година, сега сме 2005 година, никогаш не е прифатен некој предлог од пратениците, а камо ли некои малку пошироки консултации со стручњаци од разни области, кои се дел на Буџетот.

И овој пат немам надеж дека дискусиите кои ги имаме сега во врска со Буџетот, јас сеуште не сум почнал да дискутирам по Буџетот, ова е еден вовед по Предлогот на буџетот, не мислам дека ќе се земе во предвид и ќе се врати повторно со тоа што го има предвидено Владата со овој Предлог-буџет. Значи, да се врати назад и да се направат измени во Предлогот на буџетот.

Јас го разгледав подлабоко Буџетот и не само јас како пратеник, туку го анализиравме и како Партија за демократски просперитет...

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи сега ќе поминете на Буџетот мислам дека е добро место тука да застанеме и утре во 11,00 часот продолжуваме со вас во врска со вашата анализа и мислење по Буџетот.

**Абдулади Вејсели:** Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме утре во 11,00 часот со седницата.

(Седницата прекина со работа во 18,00 часот).